**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Второто продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29.12.2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Хисен Џемаили, Хајрула Мисими, Маринела Тушева, Славица Грковска Лошкова, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Имер Селмани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Прва точка - Дополнет Предлог буџет на Република Македонија за 2009 година, второ читање.

Прдолжуваме со општиот престрес со дополнетиот Предлог буџет на Република Македонија за 2009 година, второ читање.

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров**: Благодарам претседателе.

Почитуван министер, колеги пратеници,

Она што сакам да го споделам со моите размислувања во однос напредложениот буџет за 2009 година, бидејќи нема позначаен акт кој Собранието го носи од буџетот, ако ги тргнеме настрана Уставот и изборот на Влада.

Буџетот е акт кој заслужува огромно внимание и затоа секој пратеник треба да го искаже својот став во однос на него, да вложи дел од своите сугестиии со цел државата да чекори напред.

Она што би сакал тука да го дебатирам е во делот на економската политика на Владата, меѓутоа и во делот на конктретни буџетски решенија.

Она што во буџетот е видливо е дека Владата и во о бразложнието ја проектирала инфлацијата на 3,5%. Тука делува изненадувачки соопшетнието кое во петокот го дибивме од страна на Советот на Народна банка на Република Македонија, во кое тие просечната годишна стапкан а инфалцијата според нив предвидуваат да се движи од 2,2 до 3,4%. Мислам дека ваква неусогласеност на проекциите за инфалција помеѓу Народната банка и Министерството за финанси треба да се даде одговор на што се должи тоа. Што е причината, кои се вистинските бројки и што ние треба да го земеме како меродавно бидејќи не се така малку. Тој прилив на буџетот би бил значително помал доколку инфлацијата биде во рамките во кои Народната банка одредува.

Исто така постојат различни претпоставки околу растот на бруто домашниот производ. Она што е проектирано на 5,5% во различни изјави имаме можност да чуеме 4% и на официјални претставници на Владата така да таа комбинација на овие два фактора може значително да се одрази на приходите во буџетот. Не е за потценување она што би можело да биде предизвикано, така што ние како Парламент заслужуваме вистиниски одговор, дали Владата смета дека овие проекции не се издржани, ќе бидат остварливи и дали уште од сега не се тргнува со проекции кои не се поставени и ќе бидат остварливи и дали уште од сега не се тргнува со проекции кои се поставени, меѓутоа со идеја доколку тоа не успее веќе од април, мај месец некаде да се оди на ребаланс на буџетот односно на спуштање на нивото кое е предвидено на приходи. Вака предвидениот буџет е очидледно амбициозен и е поставен на проекции кој според многу аналитичари, економисти, стручни луѓе, поранешни министри исто така отворено кажуваат скептицизам во однос на неговото исполнување.

Исто така проекциите за странските инвестиции на околу 500 милиони мислам дека е видливо во однос на оние најави кои ги имаат голем дел од фирмите пред се поради глобалната економска криза, меѓутоа и поради влијанијата која таа ги има и врз нашата земја дека голем дел од нив или ги пролонгираат инвестициите на оредено време или ги откажуваат што значи дека ќе има свое влијание во тој дел. И тоа треба сериозно да се земе предвид и приодот да биде реалистчен, а не приодот да биде од аспект дека толку е предвидено и сигурно толку ќе биде и направено. пораелистичниот приод би бил да сите оние сериозни навестувања дека дел од инвестициите ќе бидат пролонгирани, откажани ќе бидат земени предвид и ќе бидат вкалкулирани сега веднаш во текот на оваа дискусија.

Најголем дел од овој буџет ќе оди за регулирање на обврските на државата, значи за плати за социјални трансфери. Она што може да се заклучи е исто така дека во образованието исто така издатокот кој е предвиден е поголем скоро за двојно од оние средства кои беа пред две години издвојувани, меѓутоа јасно е дека се алоцираат пред се за купување на опрема, на компјутери, за инвестиции во информатичка технологија. Јас и на Комисија ја отворив дебатата колку тоа, поздравувајќи го самото зголемување на средства во буџетот во образование, меѓутоа колку е најцелисходно сега да тие средства се пласираат за компјутери, за информатичката технологија во услови кога училиштата се во дотраена состојба, во услови кога ние пред се имаме потреба од инвестиции ви инфраструктурата во тој дел, онаа основна инфраструктура, бидејќи сите оние кои се судираме со проблемот, како родител, очигледно е дека училиштата не се во таква ситуација која дозволува една таква амбициозна инвестиција, пред се во компјутери, кога во овој момент нема соодветна логистика во самите училишта за тоа.

Во делот на она што е истакнато, во делот на децентрализацијата, посебно во делот на спроведувањето на Законот за рамномерен развој, можам да консататирам дека и следната година нема да се испочитува законската определба за 1% од бруто домашниот производ кој ќе оди за рамномерен регионален развој. И тоа не се воопштио мали средства, значи прведено во бројки некаде околу 70-тина милиони евра и оваа година ќе бидат предвидени многу помалку околу 300 милиони денари се предвидени за таа намена, но не ми јасна целата зошто свесно тој закон не се почитува. Доколку тој закон е неспроведлив јас би предложил на Владата да се размисли, да се промени Законот за рамномерен регионален развој, не ние како пратеници и Владата со усвојување на акти и во Собранието и со владини политики свесно да го кршиме законот. Затоа нека се направи одредено каскадно зголемување на тој процент до одредена година во која тој процент би се постигнал, доколку целта е тој процент да го имаме и доколку во моментот реалните услови не дозволуваат овозможување на толку средства не регионалниот развој.

Исто така, во делот на здравството за поздравување се оние напори да се подобри превенцијата итн., меѓутоа има проекти кои доцнат а се сероизни, стратешки проекти за државата. Тоа е електронската здравствена картица. Нема позначајна работа од прецизната евиденција која ќе овозможи на населението контроли во кои што точно ќе се знае што треба всушност да се направи. Вака имаме лутање, имаме инвестиции во работи во кои, да речеме во делот на техниката набавување во она што се гледа на одредена апаратура која и не баш во моментот приоритет, или дел од неа со средствата на здравствените осигуреници практично претставува козметика, а нас ни фали грижа, пред за основните параметри, за основните показатели кои укажуваат на здравјето на луѓето.

Во делот за кој исто така сакам да дебатираме од каде ќе се надокнадат оние 100 милиони кои по однос на Данок на добивкаќе бидат намалени приходите во буџетот, дали тие се испеглани во буџетската политика. Значи ние по основ на оној закон кој го усвоивме ќе имаме 100 милиони помалку прилив ви буџетот и треба да се аргументира како тоа ќе се испегла во буџетот. За поздравување е олеснувањето што тоа ќе го предизвика кај стопанските субјекти, меѓутоа тоа ќе се одрази на страната на буџетот и треба од Министерството за финансии да добиеме одговор дали тие 100 милиони се предвидени во буџетот, од друга страна од каде ќе се земаат од каде ќе се надокнадат затоа што ќе фалат во еден дел.

Во делот на развојната политика на буџетот сакам да спомнам неколку работи. Се полага многу надеж во ИПА инструментите. Ние сме свесни дека до сега освен компонентата која е предвидена во подршка на земјоделието, другите се уште имаат проблем да почнат да ги ефектуираат проектите кои стојат на располагање. Она што мислам дека треба да се искаже дека е преамбициозно да се очекува дека ние на самиот почеток ефективно ќе се справиме со ИПА фондовите кои ни стојат на располагање и дека таа развојна компонента на буџетот мислам дека ќе трпи измени во делот на намалување на она што таму е предвидено, затоа што немам доволно информации до акде е таа проектна единица и како е екипирана, меѓутоа не е само до неа. Треба многу сериозни проекти треба сериозни ревизии на тие проекти со цел да се повлечат тие средства од страна на ИПА фондовите. Исто така видливо е дека се прави тенденција за вложување во инфраструктурата и за поздравување е да се вложува ви инфраструктурата и да биде тоа на некој начин еден вид средство на кој побезболно ќе се помине низ оваа криза. Меѓутоа видливо е дека за таа работа се земаат кредитни задложувања и тие задолжувања ќе треба да се плаќаат. Значи, за поздравување се инвестициите во инфраструктурата меѓутоа голем успех за државата би било кога преку штедење на други ставки, намалување на средствата за администрација и други делови ние по основ на заштеда на сопствени средства би инвестирале во инфраструктурата. Вака со кредитно задолжување, го слушав пред некој ден и министерот за транспорт ви своите изјави тоа ќе направиме тоа ќе направим, добро е треба да се гради, треба да се направи, меѓута треба да се направи козбенефит студија. од кое значење тоа ќе биде за државата, каква тежина ќе биде подоцна исплаќањето на тие обврски на државата бидејќи тие 200 милиони до 2000 и не знам која ќе бидат 260 милиони кои ќе треба овие граѓани и нашата држава да ги плати.

Исто така гледајќи изјава на еден исто така официјален претставник н државата на министерот на Фондот за здравство кој очекува милијарда и 500 дефицит во Фондот. Исто така тоа ќе треба од некаде да се алементира. Во однос на вака предложениот буџет впечатокот кој е искажан тука од голем број на претставници на опозицијата и стравувањето дека ваквиот буџет ќе направи поголеми трошоци на државата и дека едноствано е неодржлив и дека по извесно време ќе биде предложен ребаланс на овој буџет кој по изборите веројатно ќе не сведе на реалните позиции кои во државата ќе трерба да се извршуваат.

Меѓутоа би сакал да завршам со едно. Легитимна политика на Владата на мнозинството е да ја спроведува својата програма. И тука може да ги прифати може да не ги прифати критиките, ставовите на опозицијата. Меѓутоа ние се наоѓаме во една специфична ситуација, во една ситуација на една глобална економска криза и пред една година, која по многумина е година да се биде или не за Македонија. Затоа овие ставови и овие

забелешки на стручната јавност и на опозицијата треба сериозно да ги земете предвид, будејќи во вакви услови ако зборуваме дека ни треба единство, дека ни треба консензус по неко базични прашања, за мене буџетот за 2009 година е исклучително важен документ за кој основните забелешки кои се аргументирани Владата би требало да ги прифати. Само така ќе може побезболно да поминеме низ тешкиот период кој ни престои. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Ова е трет предлог на буџетот кој Владата на ВМРО ДПМНЕ во континуитет го најавува како еден од најразвојните буџети од осамостојувањето на Република Македонија, новнарите со право го нарекоа свадбарски буџет, буџет кој што изнесува 2,7 милијарди евра или за фантастични 300 милиони евра поголем од буџето од минатата година. Можеби најголемата досега најголемата распределба на средства од осамостојувањето на Република Македонија, од страна на новинарите со право беше окарактеризирана како свадбарски буџет, од едноставна причина што обично на свадбите се троши многу и не секогаш рационално. Значи Владата на ВМРО ДПМНЕ во услови на светска економска криза која што секако ќе ја зафати и Република Македонија со вака проектираниот буџет граѓаните на Република Македонија министерот ги третира како сиромашен кум кој што младоженоцот во овој случај е државата ќе се обиде и кожата да му ја земе за поклон. Толку околу оваа споредба што ја наравија новинарите.

А сега, заради ограничувањето на времето ќе дадам краток осврт на буџетот и ќе почнам веднаш со приходната страна.

Во структурата на буџетот за 2009 година навстина загрижува приходната страна. Буџетските приходи за 2009 година се проектирани на повисоко ниво во однос на буџетот од 2008 година. Тоа во маса подразбира поголема наплата на даниоците, персоналниот данок, акцизата, ДДВ, царина итн.

Она што треба да се признае на оваа Влада секако е воведување на поголем ред во фискалната политика. Сведоци сме дека под вовведуџвање на ред некој во Владата подразбира и тенденциозни контроли, тенденциозни записници од сите можни инспекциски служби се со цел да бидат казнети стопанските субјекти.

Јас знам дека секој министер за финансии посакува голема приходна страна во буџетот, но тоа ни случајно министре во 2009 година не смее дА биде, како случајот со фискалните патриотски сметки когас навистина брцнавте во џебот на малопродајците, брцнавте во џебот на минимаркетите, брцнавте во џебот на супер маркетите, малите претпријатија, таму каде ште се врши кешот и од нив за вашата авантура почитуван министер успеавте да им земете по една пресечна плата во Република Македонија. се разбира за тоа го обинивте Бранко Црвенковски.

Само за една споредба, Кирил Тодоровски судот за 100 илјади евра го осуди 3,5 години затвор. Вие со оваа ваша идеја за фискални патриотски сметки, направивите двојна штета, ги осиримашивте сопствениците на фискалните каси за една плата и сега го осиромашивте Буџетот на Република Македонија со онаа скапа кампања која што одеше за фискалните патриотски каси.

Зошто велам дека загрижува приходната страна? Во услови на намалена економска активност која што секако ќе има и надолен тренд во 2009 година, навистина средствата кои што државата ги очекува на приходната страна се доведуваат под знак на прашање. Ќе ви дадам три примери. Данокот што се плаќа на добивки од тргување со акциите на берзата во 2009 година ќе изостане. Намалувањето на прометот на берзата ќе доведе до намалување на данокот од добивка што го плаќаат брокерските куќи. Претпријатијата во текстилната и металната индустрија веќе бележат загуба и отпуштаат голем број на работници што ќе значи намалување на наплатата на персоналниот данок, данокот од добивка, намалување на средства што државата ги планира по основ на придонеси за пензиско и инвалидско и за здравствено осигурување. Државниот завод за статистика веќе излезе со анализа дека во Република Македонија се повеќе се зголемува сиромашитјата и се намалува куповната моќ на населението. Тоа ќе значи намалување на потрошувачката, а со самото тоа и намалувањето на придохите од ДДВ, царина, итн. И само за пример ќе го дадам она што имавме можност во медиумите да го видиме каде што дистрибутерите на автомобилите укажуваат на преполовеност на продажбата на автомобили, што значи автоматски намалување на царината, ДДВ, акцизата и намалување на приходите, т.е. намалување на приходната страна на Буџетот. Со еден збор во 2009 година секако се очекува намалување на економската активност, што ќе значи и помалиу средства во приходната страна на Буџетот. Ако се случат ваквите предвидувања, Владата на Република Македонија има две можни сценарија.

Првото сценарио е Владата да биде 100% успешна во реализација на расходите што не се случило овие две години. И во услови на намалување на средства на приходната страна, тогаш дефицитот би бил многу поголем.

И второто, поверојатно сценарио, значи велам поверојатно и најверојатното сценарио е дека Владата ќе се откаже од некои расходи. Но, бидејќи 80% од тековните расходи мораат да се реализираат, а тоа се социјалните транфери, платата на вработените во државната

администрација, тогаш вие ќе морате како Влада да посегнете по капиталните расходи. Веројатно тоа е нешто што ќе се случи и тука паѓа во вода развојната компонента на Буџетот. Велите, дефицитот на Буџетот ќе се финасира од домашни извори преку емисија на државни обврзници од депозити со задолжување во странство. Она што привлекува особено внимание, тоа е најавата ваша почитуван министре, дека буџетскиот дефицит исто така ќе се врши преку задолжување во домашните банки. Ова ќе значи истиснување на приватниот сектор од инвестициите.

Почитуван министер, јас би сакал да проговорам нешто и за расходната страна на Буџетот за што не сте одговорен само вие како министер, туку и сите буџетски корисници. И тука со право се поставува прашањето, дали има капацитет Владата на ВМРО-ДПМНЕ да ја надмине кризата со лошото менаџирање на средствата од граѓаните, или повторно ќе се доведеме во позиција да правиме некакви прераспределби на средства. Само сакам да ве потсетам дека со последата прераспределба на средства вие извршивте прераспределување на средства во висина од 76 милиони евра. Ги пумпавте јавните претпријатија со пари и тоа оние јавни претпријатија кои што ги раководат исклучително кадри од ВМРО-ДПМНЕ. Одземавте средства од Министерството за економија, одземавте средства од Министерството за здравство, а она што најмногу загрижува е навистина е одземањето средства од Министерството за одбрана. Во првата пренамена на средства 10 милиони евра, во втората пренамена на средства 360 милиони денари. Навистина со одземањето на средства од Министерството за одбрана, Владата на ВМРО-ДПМНЕ го покажува вистинскиот однос кон НАТО интеграацијата на Република Македонија. Но, она за што оваа Влада може да се повали е трошењето на средства на граѓаните во делот на договорните услуги и тоа во сите министерства се трошат средства за саморекламирање по неколку десетици милиони евра. Не знам зошто упорно во континуитет Владата на ВМРО-ДПМНЕ во просек троши по 400 илјади евра за една реклама за на граѓаните да им се објасни, или според интезитетот на кампањите да им се нареди да мислат дека живеат поубаво. Тоа не се прави со реклами, тоа се прави со реална економија.

Кога сум кај безобзирното трошење на средства од страна на оваа Влада, не можам да не го споменам случајот со општина Центар од каде што доаѓам јас како пратеник.

Почитуван министер, со последната одлука за пренамена на средства на Министерството за култура одземавте 812 милиони денари. Но, сепак успеавте да најдете околу 3 милиони денари, да ги префрлите на општината и замислете министре, не знам дали сте информирани. Кај мене ја имам одлуката на општина Центар, или се работи за градоначалник кој што е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, само да ве потсетам, тоа е госпоѓа Аларова која што успеа преку ноќ да обезбеди 80 илјади евра да ги покрие даноците на сите станови, локали и се што има во општина Центар. Општината Центар која што ја раководи кадар од ВМРО-ДПМНЕ донесе одлука за формирање на одбори за подигање на спомен обележја. За 50 споменици, само во Жена Парк треба да бидат 9. Јас во текот на вчерашниот ден ги избројав клупите во Жена Парк има 24 клупи. На 24 клупи општината Центар со државни пари предвидува да изгради 9 споменици. Но, за овие одбори Советот на општината на чело со вашата градоначалничка донесе одлука за распределба на паушали и тоа поединечно на 9 члена, два советника од ВМРО-ДПМНЕ, три од администрацијата исто од ВМРО-ДПМНЕ. Имињата се објавени на сајтот на општината и четири еминентни стручањаци Паско Кузман кој што е во сите комисии, Зоран Тодоровски директорот на Архивот, оној човекот кој што го обича македонскиот јазик и култура. И тоа паушалната исплата ќе следи вака: подигање на спомен обележје по човек од 10 до 12 илјади денари. За избор на иден проект за подигање спомен обележје од 15 до 20 илјади денари. За избор по тендер од 10 до 12 илајади денари. Значи, секој член од буџетските пари ќе добие некаде околу 30 до 40 илјади денари за подигање на овие 50 споменика. Исто така, кога говорам за безобзирното трошење на средства од страна на граѓаните од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, не можам а да не го споменам и енергетскиот секрот, особено состојбите во РЕК Битола. Во континуитет Република Македонија во последниве три години, во последниве две години увезува струја колку што увезуваше вкупно во претходните 15 години. И секако тоа се должи на состојбите во РЕК Битола.

За состојбите во РЕК Битола почитуван министер мора да проговориме заради тоа што увозот на струја дефинитивно го оптоварува Буџетот. Во РЕК Битола два пати е сменет директорот на термоелектрани. Нема технички директор. Трипати е сменет помошникот за производство и четири пати е сменет директорот на рудникот. Сето ова се должи на внатрепартиските пресметки на ВМРО-ДПМНЕ во Битола, а можеби мотивот се оној 15 милионски бизнис околу транспортот на јеловината, разни кипери, багери, камиони итн. Вие министре како што кажав на почетокот овој Буџет го најавивте како најразвоен Буџет досега. Како што може да се воочи од прегледот, драстични промени во развојната компонента на Буџетот во делот на капиталните расходи остануваат исти како и во 2008 година. Имено, и во 2008 и во 2009 година капиталните расходи се вкупно 18% од вкупните расходи. А остатокот од 82% се тековни расходи кои исто така во двете години се непроменети. Дури и во структурата на тековните расходи нема никакви драстични промени, или може да извлечеме еден

општ заклучок, дека развојната компонента за Буџетот за 2009 година не е ништо посилна од Буџетот за 2008 година. Вкупниот износ на капиталните расходи од 480 милиони евра е навистина голем. Каков ќе биде ефектор зависи секако од структурата на капиталните расходи. Прво, колкаво е учеството на продуктивните капитални расходи во вкупните капитални расходи, се мисли на оние кои што имаат мултиимпликативни ефекти врз економијата: инвестиции за изградба на патишта, мостови, инфраструктура итн. или капитални расходи кои во себе носат развојна компонента и кои понатаму влијаат врз зголемувањето на приватните инвестиции секако во 2009 година ќе бидат оние 85 милиони евра, или инвестиции во железничката инфраструтура 15 милиони и во патната инфраструктура 70 милиони евра. Овие инвестиции изнесуваат само 17,8 од вкупните капитални инвестиции во Република Македонија. И во овој Буџет, значи и со овој Буџет Министерството за економија како најодговорно за развој на економијата игра одредена улога. Капителните инвестиции од енергетиката изостануваат за 2008 година долгорочната стратегија за енергетика на Република Македонија изнесува 250 илјади евра, а само студијата за проектот на Градски Трговски Центар е 2 милиони евра. Интересна ставка во Буџетот се оние 12, 5 милиони евра за капитални проекти во Министерството за внатрешни работи од кои најголем дел 9,2 милиони се за реформи во полицијата. Овие расходи се исто така без никаков развоен ефект.

Она што навистина почитуван министер боде очи во делот на капиталните расходи во Секретаријатот за европски прашања. Навистина голема доверба на човекот кој што својата кариера ја почна како портир во СДСМ, ги искористи сите бенефити од СДСМ, сега е главен играч во Владата на Република Македонија, говорам за Ивица Боцевски, на кого што му доверувате 420 милиони денари за набавка на нови и модернизација на постојни лаборатории. Која е причината овие средства да се најдат токму во ставката на Секторот за евроинтеграции, навистина не ми е јасно. Претпоставувам така ќе не внесе Ивица Боцевски во Европската унија.

Општиот заклучок е дека обемот на капиталните инвестиции во вкупните расходи во Буџетот во 2009 година се на исто ниво како и во 2008 година и изнесуваат 18% од вкупните расходи.

Она што на крајот би сакал почитуван министер да одговорите, секако не на мене, туку на граѓаните на Република Македонија, на три прашања. Зошто ВМРО-ДПМНЕ отстапи од ветувањата во Преродбата од сто чекори од 2006 година, дека ќе го намали учеството на Буџетот во бруто домашниот производ за 2%. Наместо тоа учеството на државната каса се зголеми од 35 на 39%. Во надградената програма и проширена ВМРО-ДПМНЕ го избриша ова ветување. Вие исто така, се обврзавте на Буџет од 2%, а тој веќе во овој момент изнесува 2,8%.

Она што сметам навистина и би ве замолил почитуван министер да дадете одговор, зошто Министерството за финансии или вие како министер како најодговорен во Министерството од тековните резерви во континуитет исплаќате средства на физички лица и на здруженија на граѓани, ако се знае дека овие средства смеат да се користат само во случаи на елементарни непогоди. Навистина би сакал да ми одговорите на ова прашање. И она последно прашање на кое што навистина ќе инсистирам да дадете одговор, е зошто некој во Министерството за финансии, не велам вие, туку велам, зошто некој во Министерството за финансии врши селективен пристап во контролата на даночните обврзници. Кој дава налог на Управата за приходи да се врши селективна контрола на стопанските субјекти во Република Македонија.

Навистина на крајот сакам да заклучам и една забелешка до вас претседателе, ова е прв Буџет кој што го носиме по новиот Деловник, значи ништо посебно не се смени позитивно, се ограничуваат дискусиите, ако во Комисијата за финансирање и буџет се разгледуваше некаде 85-от амандман во Законодавно-правна комисија бевме некаде на 25-от амандман, пратениците трчаа по ходници, настана еден општ хаос, ништо попродуктивно не донесе овој нов Деловник во однос на Деловникот кој што важеше до донесување на новиот Деловник. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тоа е ваше мислење, секој си има сопствено мислење по однос на тоа.

Има реплика министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Само кратко на последното прашање на почитуваниот пратеник Мисовски. Имено, постојат два вида на резерва во Буџетот, едниот е тековна за некои непредвидени расходи, друиот е постојана резерва. Постојаната резерва служи за надоместување на штети од елементарни непогоди, а не тековната резерва. Значи тука една дополна, една информација. Имено прашањето се однесуваше зошто наводно се доделувале средства од теквната резерва. Тековната резерва може да служи за тие намени. Значи постојаната резерва е таа која служи за покривање на штети од елементарни непогоди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господиниот Мисовски.

**Горан Мисовски:** Почитуван министер, кај мене е конечниот извештај на Државниот ревизор, пишува: Министерство за финансии, функции на државата. Во наводот вели вака: со увид во билансот на приходи и расходи ревизијата констатира дека од ставка тековни резерви исплатени се средства на разни физички лица,

здруженија на граѓани, верски заедници во вкупен износ од 101 милион и 900 илјади денари.

Вели вака: Министерство за финансии, функции на државата, сеуште нема превземено активности за отстранување на горе наведените слабости. Наведеното предизвикува ненаменско користење на буџетски средства и фаворизирање на одредени корисници на средства од тековни резерви. Значи тоа е она што го констатирал Државниот завод за ревизија. И не ми одговоривте за селективниот пристап во вршењето на контролата која исто така ја констатира Државниот завод за ревизија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Дерковски Оливер, повелете.

**Дерковски Оливер:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер,

Пред нас е Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во претходните денови на некој начин се обидував да направам анализа на структурата на Буџетот меѓутоа слушајќи ги дискусиите на колегите во претходниот период на некој начин се откажав од таквиот пристап на дискусија, затоа што очигледно дискусијата отиде во една друга насока. Доколку се обидовме да дискутираме по Буџетот онака како што ни е претставен во неговата структура, мислам дека ќе имавме многу поплодни дискусии. Меѓутоа, тоа е, што е. На господинот Горан Мисовски веднаш ќе му одговорам дека нема селективен пристап во контролата на даночните обврзници на Управата за јавни приходи. Се работи по план и програма годишна за контрола на сите даночни обврзници. Во таа програма се опфаќаат практично сите даночни обврзници кои што можат да се опфатат согласно капацитетот на Управата за јавни приходи.

Она што сакам да го кажам сега накратко е тоа што пред нас имаме еден буџет кој што овозможува една развојна компонента и во наредниот период во Република Македонија и претставува еден континуитет на претходните буџети кои што Владата на Република Македонија и изминатите две години ги предлагаше и претставува континуитет на политикитена Владата на Република Македонија кои што сака да ги спроведе во нашата држава. Политиките предвидуваат реформи во повеќе области, а за да се спроведат тие реформи, нормално е, потребно е да се овозможи нивна буџетска подршка. И овој Предлог Буџет претставува тоа. Значи, се со цел да се спроведат тие политики во нашата држава.

Овој Буџет исто така има и една друга компонента, соочувајќи се со кризата која што го зафати целиот свет, финансискат криза и кризата во реалната економија посебно кај нас оваа криза се чувствува во реалната економија. Ние мораме како држава, а и Владата на Република Македонија исто така, да предвиди одредени мерки како би се спречила таа криза во реалната економија. Предходните мерки, односно претходните законски проекти кои што ги усвоивме се дел од таа политика, меѓутоа секако дел од таа политика има и во овој Предлог Буџет.

Од тие причини сметам дека е многу добро што се предвидени инвестиции во јавниот сектор, односно јавните инвестиции се подигнати на едно ниво на 480 милиони евра и тие инвестиции треба наредната година практично да ги ублажат последиците од оваа криза која што ја зафати и нашата економија. Ние не можеме да бидеме имуни од она што се случува во светот, не можеме да бидеме излоирани и треба на секој можен начин да се справиме со оваа криза. Една од работите која што сметам дека ќе помогне во справувањето со оваа криза е токму ова што се предвидува овие 480 милиони евра кои што ќе се вложат во јавниот сектор, во инфраструктурата, железничката инфраструктура, патната инфраструктура. Исто така во Предлогог на овој Буџет и понатаму се предвидени определени средства кои што би рекол овозможуваат продолжување на претходните политики, а тоа се реформите во образованието, преку понатамошни инвестиции во секторот образование кои што ќе овозможат да се продолжат и завршат некои реформи во областа на образованието, затоа што знаеме дека со години наназад во нашето образование ама баш ништо не беше вложувано и дека не држат обвинувањата од опозицијата дека оваа Влада само расфрла пари во образованието, затоа што сметам дека образованието е еден темел, основот каде што треба да почне да се развива секоја држава и во секој момент треба да се подржуваат ваквите проекти во образованието од било која да е Влада, па и од оваа Влада.

Во Секторот земјоделие очигледно е дека се продолжува со истото темпо на инвестирање, односно на субвенционирање на земјоделците и оваа година се преедвидува зголемен износ на околу 70 милиони евра за субвенции на земјоделието, што е бројка што е прилично завидна затоа што паметиме не многу од дамна кога само пред две ипол години субвенциите во земјоделието во нашата држава изнесува на годишно ниво само 4,6 милиони евра и секако за поздравување е оваа бројка која се планира да се троши наредната година за субвенционирање во секторот земјоделие. И да не ги набројувам понатаму сите сектори во кои на некој начин ќе се трошат парите што ќе се соберат во Буџетот, сакам да споменам неколку работи.

Во изминативе неколку денови во дискусиите на опозицијата провејуваше една работа, а тоа е дека Македонија е практично пред колапс, се обидуваше опозицијата да наметне една тема дека многу брзо ќе се соочиме со една тешка економска криза која ќе доведе до распрад на системот во државата, што сметам дека не е коректно, заправо не е точно, затоа што системот функционира и те како добро. Резултат на тоа

функционирање на системот е постојаното прибирањето на приходите на приходната страна на Буџетот и сметам дека тоа ќе продолжи и во наредниот период. Точно е дека оваа криза што се случува во светски рамки ќе не зафати и нас, меѓутоа, со постојаното воведување на мерки кои Владата на Република Македонија ги презема во овие сектори, посебно во фискалната дисциплина, воведувањето фискална дисциплина, сметам дека и понатаму ќе се продолжи со редовно и правилно прибирање на приходите на приходната страна на Буџетот. Јас знам дека многумина не можат да разберат како успеваме во тоа да си ги прибираме редовно приходите во Буџетот, меѓутоа, тоа е резултат на тоа што во Република Македонија имаме зголемено ниво на даночна дисциплина, значи даночните обврзници иако со намалени даночни стапки си ги плаќаат редовно своите даночни обврски. Гледате дека воведуваме и намалена стапка на социјалните придонеси. Тука не напаѓавте дека можеби ќе се доведеме во опаснсот да не се соберат приходите во Буџетот по тој основ, меѓутоа, јас ве уверувам дека наредната година ќе бидете сведоци исто онака како што сте и сега сведоци, затоа што и минатата година гиимавме истите напади во однос на претходниот Буџет, ќе бидете сведоци на тоа дека Буџетот на Република Македонија ги остварува своите приходи, редовно дисциплинирано и овозможува фукционирање на системот на државата.

Јас не би трошел повеќе од драгоценото време на колегите пратеници и тука би приврршил, затоа што сметам дека она што беше намерата при предлогот на овој Буџет да се дискутира би рекол по структурата на Буџетот и по она како би требало да ги спротивставиме аргументите во однос на таа структура на Буџетот изостана, јас само би го поздравил донесувањето на овој Буџет оваа година и исто така би ги уверил колегите од опозицијата да не се секираат затоа што и овој Буџет ќе покаже дека Република Македонија и во наредната година ќе функционира онака како што треба. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседателе.

Колега Деркоски, ако го следевте мојот говор или како што вели претседателот на Собранието правото на искажано мислење, токму во мојот говор ја пофалив Владата во воведување на ред во фискалната политика. Но исто так аукажав на селективниот пристап кој што го има Управата за приходи. Или можеби не Управата за приходи, можеби тоа го прави некој во Минситерството за финансии. Јас не реков дека тоа е министерот за финансии. Сега вие тоа го негирате, ама Државниот завод за ревизија го констатирал следново, ова е извештајот на Државниот завод за ревизија кој можете да го видите објавен на интернет. Во него вели вака: “Од извршеното интервју со одговорно лице ревизијата констатира дека постои софтверско решение за утврдување критериуми за избор на субјекти за контрола”, тоа вие го потврдивте, “но на барање на ревизијата истото не беше презентирано”, значи на барање на ревизијата тоа не било презентирано. Понатмау, Државниот ревизор вели: “Ревизијата не се увери во постоење критериуми за избор на субјектите, поради тоа што истите не беа дадени на увид” и на крајот заклучокот вели вака: “Имајќи ги предвид наведените околности ревизијата констатира висок ризик од недоволен опфат и субјективен пристап при изборот на даночни обврзници за контрола. Можеби министерот за финансии го прочитал ревизорскиот извештај, јасна му е забелешката, не ми даде одговор, вие ми реплицирате, но тоа е наведено, тоа се факти, ова е званичниот Извештај на државниот ревизор, ќе потенцирам значи недоволен опфат и субјективен пристап при изборот на даночните обврзници и нивната контрола. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За контра реплика е јавен господин Деркоски Оливер, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам потпретседателе.

Се согласуваме со неколклу работи со колегата Мисоски. Постојат критериуми за определување на контролата кај даночнит еобврзници, тоа е неспорен факт, меѓутоа, и тука нема селективност во определување на даночните обврзници кои ќе бидат контролирани. Има еден друг неспорен факт, со кој ќе се согласам сега и кој што е исто така наведен во Извештајот на ревизорот, а тоа е недоволниот опфат на даночни обврзници, што е резултат на немањето доволен админситративен капацитет на Управата за јавни приходи и тука се согласувам со вас, треба да се зголеми административниот капацитет на Управата за јавни приходи, посебно во секторот на екстерна контрола, затоа што таму едноставно кажано недостасуваат луЃе за да можат да го зголемат опфатот на даночни обврзници. Со зголемен опфат на даночни обврзници ќе се постигнат и погоелми ефекти при контролата на тие обврзници. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Господинот Незир Сафет не е тука, господинот Котевски Никола не е тука, господинот Имер Алиу не е тука.

Следен за збор е господинот Стојменов Борислав, повелете.

**Борислав Стојменов:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денес и изминативе можеби повеќе од три недели расправаме за најважниот акт на Република Македонија, тоа е Буџетот на Република Македонија и за мене тој период претставува празник и за пратениците и за сите граѓани на Република Македонија, затоа што низ тој акт ние

ја планираме иднината на Република Македонија, односно идното работење на Република Македонија во 2009 година на граѓаните на Република Македонија, а со Буџетот точно го дефинираме тоа идно работење. Затоа е Буџетот еден од најважните акти, најдржавен акт, најнароден акт и на него во секоја држава му се посветува посебно внимание, затоа што нема држава ако нема Буџет.

Буџетот е реков најважен инструмент и на економската и на социјалната и на фискалната политика во една држава. Или да бидам конкретен за овој Буџет, ова е збир на сите политики кои ги предлага и ќе ги води Владата на Република Македонија за 2009 година. Тоа се политики од областа на социјалата, фискалната политика, економската политика, образованието, културата, безбедноста и на сит едруги политики кои го сочинуваат секојдневното живеење и на нашата држава и на граѓаните на Република Македонија. Важен е овој Буџет затоа што во неговото полнење, во собирањето на средствата во тој Буџет буквално учествуваат сите граѓани на Република Македонија, од она дете кое ќе се роди до последниот човек кој си оди од државата не само како даночни обврзници, туку и преку потрошувачката затоа што секоја потрошувачка има даноци кои ги плаќаат граѓаните на Република Македонија. Затоа јас очекував пристапот и дискусиите кон донесувањето на овој Буџет дека треба да појдат од тој аспект, од тој пристап, да не бидат тие дискусии партиски, затоа што иако го предлага Владата на ВМРО-ДПМНЕ тоа е сепак Буџет на сите граѓани на Република Македонија. Затоа што во тој Буџет, во тие политики има политики кои не се променети до сега, има политики кои се конзистентни и има политики кои делумно се менуваат, но има и политики кои ги донесува и ги прави Владата на Република Македонија како носителна овој Буџет.

Јас нема да одговарам на дискусиите околу Буџетот, меѓутоа, морам да ги групирам во две групи. Едната група беа дискусиите во кои се критикуваа сите политики кои се инкорпорирани во Буџетот на Република Македонија и втората Република Македонија на сискусии беа таканаречени амандмани во кои се са сакаше и сака да се корегира таа политика, се предвидуваат средства за корекција на политиките на Владата, дадени во Буџетот на Република Македонија.

Исто така, имавме дискусии кои поаѓаат од одредени постулати на кои можеби најмногу треба да се посвети внимание. Првата беше дека тоа е најобемниот, најголемиот Буџет во историјата на Република Македонија. Од тој постулат скоро секој дискутант поаѓаше. Дека во тој Буџет не е предвидена светската криза во Република Македонија,односно дека не е доволнопресметана светската криза која ќе се случува и во Република Македонија, дека тој Буџет не е во корелација со движењето и динамиката на бруто домашниот производ во Република Македонија, дека во тој Буџет имаме барање за намалување на трошоците, дека има некои црни сценарија, можеби тоа личи, но не е добро, дека во иднина може да не очекува и банкрот на економијата на Република Македонија и едно последно прашање во кое вели не се слушаат за тој буџет експертите, а посебно не се почитуваат пораките или условно да кажам препораките на ММФ и Светската банка.

Нема да одговорам на сите овие дискусии, меѓутоа, ќе го кажам следното. Имам право да го дадам и јас своето мислење за Буџетот, бидејки целиот мој работен век го посветив на финансиите и сметководството, ревизијата и анализата, бидејки во крајна линија во мојот живот сум напишал повеќе учебници од оваа област и универзитетски и учебници за средно образование, стручни облигации и т.н. и на крајот сум направил во крајна линија два буџета, кои едногласно скоро со консензус беа примени од Собранието на Република Македонија.

Да не бидам партиски сфатен бидејки припаѓам на коалицијата со срце во ВМРО-ДПМНЕ, да не бидам така сфатен, ќе се обидма да направам објективен пристап кон движењата на Буџетот во изминатите години, бидејки тие движења во минатите години се законитости кои во крајна линија имаат сигурно влијание и на Буџетот за 2009 година, така што следејки го движењето на Буџетот и бруто домашниот производ во последните 15 години, ќе видите дека има една законитост, си има одговор на дискусиите од страна на опозицијата како би требало да се движи и проектира Буџетот во корелација со бруто домашниот производ и од тој аспект дали Буџетот е обемен, не е обемен и т.н., тука сигурно укажувам и на буџетскито дефицит.

Јас ќе ви кажам само една слика како се движела - можеби не може да ја види камерата, една зелена линија долу - 15 години како се движи бруто домашнио тпроизвод во Република Македонија, последните 15 години, значи од пад до 1998 година, 1998 година веќе почнува некој мал појас, за порастот да биде многу изразен во 1999 и 2000 година, но заради кризата во 2001 година за време на војната имавме пад на бруто домашниот производ, па стагнација и на крајот последните три години пак пораст на бруто домашниот производ. Оваа линија ми личи малку на долниот дел на чизмата во која постојано бруто домашниот производ е на долната граница, меѓутоа, се јавува некој пораст. Можеби случајно, можеби не е случајно, но за време на ВМРО-ДПМНЕ и неговото владеење и еве во време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Не малку, меѓутоа, сепак се тие бројки кои се објективни. Значи ние сакаме, еве почнуваме да го подигаме бруто домашниот производ и да ја развиваме нашата економија.

Сакам да ви кажам сега како се движел Буџетот во тој истиот временски период. Иако во

почетокот постојано паѓал бруто домашниот производ, еве ја линијата на движењето на Буџетот на државата, има мал пораст да почне после кризата од 2001 година, но посебно од 2005 година имаме рапиден пораст на Буџетот на државата. Тоа е вистина и тој обем пораснува. Ако тие две линии ги споите, јас едно време реков дека од 2005 година почна да не јаде ламјата. 2003 година со експлозија на ДДВ, ние почнавме да имаме зголемен Буџет без инвестиции, а во тој период почна да се јавува и ламјата. Конкретно објаснувам зошто. ДДВ беше баран систем во областа на даноците. ДДВ беше донесен во 1999 година од мене како министер за фианнсии, меѓутоа, имплементацијата почна од 2000 година од страна на сегашниот премиер, а тогаш министер за финансии. Тогаш ние немавме голем пораст на приходи, тоа беше барање на ММФ. Тогаш успеавме стапките на ДДВ од 25% да ги намалиме на 19% со гоелми кавги со ММФ и минималната стапка од 7% на 5%. Алтернативата на тоа при воведување на тој систем беше следната, имаме огромен број на невработени, немаме општествен капитал за сервисирање на странските долгови, така што беше Буџетот тој кој треба да ги решава сите овие проблематики. Затоа, ако гледате да го следите Буџетот од 2003 до 2006 година, имаме експлозија на Буџетот, од една страна експлозија со огромен Буџет, од друга страна пораст на бруто домашниот производ само за 2,9%. Ако ги споредите тие величини, тоа се гледаше и во праксата, ќе имаме голем Буџет, ќе имавме вишоци, меѓутоа стагнација на македонската економија. Тоа беше покрај другото што ние немавме дефицит, и ако проектиравме од оваа година дека треба да имаме буџетски дефицити, јас не се сеќавам во последните 10 години кога Македонија имала буџетски дефицит. Напротив, постојано сме имале суфицит.

Ако тргнеме од тој аспект, и ако тргнеме од тоа дека се гледаат изворите на Буџетот од кој се полни Буџетот, ќе видите дека скоро сите извори на Буџетот, ако го земете персоналниот данок, данокот на добивка тие се еден вид на приходи, тие се скоро на исто рамниште во последните 7-8 години. Ниту Владата сега нив не ги ни зголемува со мал пораст. Другите задолжувања во странство е на исто ниво на минатите години, ни даночните приходи не растат, останува експлозија да имаме само во ДДВ, меѓутоа овде Владата заради ваквото движење на ДДВ и приходите како приход во Буџетот не се определи за намалување. Таа се определи бидејќи корегираше одредени стапки на ДДВ, но таа се опредли да ја зголемува конкурентноста преку намалувањето на придонесите за социјално осигурување. Овој извор на приходи да го употреби како развојна компонента односно да ги зголеми капиталните инвестиции е огромно за над 480 милиони евра, а не е такво зголемувањето на ДДВ и плус околу 100 милиони стимулации за развој на македонската економија.

Јас од тој аспект, од аспект на движењето на досегашното движење на Буџетот и на бруто домашниот производ, би издвоил две школи: има две школи во Македонија. Тоа провејуваше во дискусиите. Едната е рестриктивна или монетарна школа која постојано се потпира на штедење и што ќе ни кажат меѓународните фактори во поглед на штедењето. Втората школа, на таа школа се поблиски луѓето, експертите до СДСМ и.т.н. И, втора која се формира една школа која не е до крај оформена, меѓутоа тоа е школа која не е монетарна, но таа е школа која се потпира на реалниот сектор, на реалните движења, на потрошувачката, тоа е школата која е поблиска до ВМРО ДПМНЕ. Резултатите од тие две школи се јасни преку движењето на бруто домашниот производ во последните 15 години. Бидејќи, имам право на дваесет минути, ќе се задржам за да на крајот кажам нешто околу конкретните дискусии на од редени дискутанти. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

За реплики се јавени господинот Николов Марјанчо, Манасијевски Јован и господинот Андов Стојан.

За реплика е јавен господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

На господинот Стојменов сакам за една или две работи да му реплицирам.

Прво, направи многу добра споредба во однос на движењето на Буџетот и на бруто домашниот производ. Оттука, најубаво се виде разликата помеѓу двете политики. Тој кажа дека од 1998 година до 2001 година имало најмногу растење на Буџетот и на домашниот производ и сега од 2006 ии од 2003 година наваму има растење на Буџетот и растење на бруто домашниот производ. Токму е тоа она што ние цело време го укажуваме, а тоа е дека Владата преку буџетската потрошувачка, јавната потрошувачка придонесува да расте бруто домашниот производ, но тој раст не е долгорочен и не е стабилен. Кога вие преку јавна потрошувачка стимулирате пораст на бруто домашниот производ имате таква ситуација. Тоа најдобро ги по тврдува политиките на ВМРО ДПМНЕ. Се сеќавам и во 1998 година и 1999 година тогашниот премиер ќе излезеше во медиумите и ќе речеше дека ние во Буџетот имаме многу, многу пари 600 милиони денари. Мислам дека тогаш велеше. Исто и сега господине Стојменов. Замислете само од 2007 до 2008 година Буџетот се зголемил за повеќе од 500 милиони евра. Растот во 2008 година е многу голем, што само по себе зборува дека тој се базира на потрошувачка, не е во релниот сектор. Политиката на Владата да извлече пари од стопанството, без притоа да му остави на реалниот сектор доволно средства, самиот да се развива, не е база на вашата политика, на ВМРО

ДПМНЕ. Затоа, велиме дека кога имате голем Буџет и кога правите непродуктивна потрошувачка, таа ќе се одрази на растот на бруто домашниот производ, но долгорочно реалниот сектор не го ставивме во кондиција. Затоа, немаме многу инвестиции, затоа немаме намалување на невработеноста, туку имаме раст на бруто домашниот производ, а од друга страна имаме раст на Буџетот. Вас би ве запрашал, бидејќи ги следите овие работи, во 2008 година кога растеше цената на нафтата, по тој основ Владата собра приходи по основ на зголемен ДДВ над 30 или 40 милиони евра. Од друга страна, не сакаше да интервенира да му помогне на стопанството со намалување на давачките за нафта или со увоз на поефтина струја. Затоа, оваа политика што ја води Владата се базира на потрошувачка, а не на реални инвестиции кои ќе придонесат за развој на економијата.

**Јани Макрадули:** Благодрам.

За контра реплика е јавен господинот Стојменов Борис, повелете.

**Борис Стојменов:** Јас имам пофалби за амандманите на Марјанчо, меѓутоа мислам дека во мојата дискусија не ме разбрал која е политиката, која е поентата и воопшто политиката на Буџетот на Република Македонија

Сакав да кажам дека бројките, фактите покажуваат дека кога немаме рестриктивна монетарна кредитна политика,ниту буџетска политика во наши услови, ние имаме развој односно имаме пораст на бруто домашниот производ. Тоа беше тема на дискусија. Ако мислите дека ние ќе излеземе од т.н., Македонија можеби имаме влијание сеуште кризата, меѓутоа излезе од кризата само потрошувачката. И ММФ и Директорот на ММФ и Штиглиц и сите зборуваат зголемете ја потрошувачката ако сакате да се справите со кризата која настапи во светот.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика е јавен господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

На пратеникот Стојменов сакам да му реплицирам во неколку елементи. Имено, неговите основни тези и аргументација се коректни, меѓутоа очигледно е дека мора да ја повика на помош веселата математика кога сака да ги колерира резултатите од едната и од другата влада. Еве господине Стојменов, токму во најновиот документ што го испрати владата макроекономската политика, има еден анекс на последната страница каде што јасно стои и нема потреба да ја подлажуваме јавноста тука во врска со бројките. Еве што вели самата влада за растот на БДП.

Во 2004 година 4,1%, во 2005 година 4,1%, во 2006 година 4%. Ова мали ставки на раст се? Значи, јас би го поставил ова поинаку, токму откога падна владата на ВМРО ДПМНЕ во 2002 година во 2003 година веќе имаме стабилен раст. И, Македнија веќе се наоѓа во еден педгодишен циклус на континуиран раст, каде што е сосема нормално оваа ставка од 5,5% Владата што ќе ја оствври , ако ја оствари за 2008 година е надградува на претходните ставки. Меѓутоа, ајде да ги видиме бројките за Буџетот во вкупните приходи. Во 2004 година остварен раст од 4% биле 88 милијарди, а приходите во 2008 година со остварен раст ќе видиме колкав ќе биде, се дуплирани господине Стојменов, 145 милијарди. Ајде сега ве молам, со вашата шема објаснете ја таа логика. Значи, ист процент или приближен процент на раст на бруто домашниот производ сме имале, таа влада во 2004 година за дупло помалку го оптоварувала стопанството, за милијарда и 300 милиони евра. Тогаш било оптоварено стопанството, а сега 2 милијарди и 700 милиони евра. Тука паѓа во вода целата ваша весела математика, господине Стојменов.

Уште еден аргумент многу битен што повторно се гледа од владиниот папир порастот на платите, реалниот пораст на платите. Во 2004 година платите реално пораснале за 4,4%, приближно колку БДП. Во 2005 година пораснале 3,6%, значи приближно колку БДП. Во 2006 година 4,1% , точно колку БДП што расте. Ајде сега да ја видиме 2008 година што вели Владата. Се вели дека растот на платите ќе биде минус 0,5% што значи не расте, туку паѓа, затоа што инфлацијата ја изеде господине Стојменов. Џабе ви е стапка на раст од 5,5% кога имате реален пораст на платите намален и тоа е погубната политика на оваа влада. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За контра реплика е јавен господинот Стојменов, повелете.

**Борис Стојменов:** Приходите на Владата за кои вие зборувавте, уште еднаш повторувам, во тој временски период односно Буџетот порасна за 60,1% во однос на 2002 година. За тој временски период вие, точно е тоа, не верувам на овие податоци до крај дали се точни, извинете, вие имате некаде просечен пораст од 2,9% до 3,1%. Тоа е вистината. Значи, вие имате пораст на Буџетот , меѓутоа бидејќи сте рестриктивци, бидејќи премногу слушате, премалку трошите средства, бидејќи сите средства стоеја во банките и тие се користеа од страна на банките, а не од страна за правење на капитални инвест иции и да се повлече економијата на Република Македонија , затоа беше и стагнацијата. Вие цело време го каравте и едниот и другиот ваш министер зошто не се трошат средствата собрани во Буџетот.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Стојменов.

За реплика е јавен господинот Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Многу внимателно ја ислушав дискусијата по мое мислење, одлична дискусија на господинот Стојменов. Не наврати на една

подлабока анализа, потреба од подлабоко согледување на движењата и состојбите кај нас.

Меѓутоа, јас сакам да му реплицирам во оваа смисла. Не треба да извлекуваме наивни би рекол заклучоци за причините зошто тие движења биле такви. Не би рекол дека за тоа што се промениле владите, филозофијата и школите се промениле, па такви биле движењата. Ако забележите ќе видите дека надворешниот фактор е оној кој бил пресуден кај нас. До 1998 година всушност доминантни беа влијанијата на прет ходните блокади при распадите на југословенскиот бивши пазар и источно европскиот пазар и.т.н. Тие беа доминантни, а не некоја рестриктивна политика или филозофија или некоја школа. Оној момент кога почна да се залечува и да се воспоставува економски простор, пазар со горе - долу нормални особености на пазарот околу нас, ако не била таа претходна политика на стабилност , на вградување елементи на стабилност во економијата, не ќе можеа да се искористат шансите , но се искористија шансите веќе во 1999 година и 2000 тата година. Од тоа што престана, во 1997 година заврши во 1998 година беше уште процесот на залечување на болките од претходните блокади на Србија, на Македонија, и.т.н. и распадите на пазарите таму.

Овие две години беа пореметени, јас би рекол пак со нееекономски внатрешно-надворешен настан, тоа беше конфликтот, воениот конфликт кој го поремети ритамот на производството и економијата внатре, го поремети односот кон странство и ја поремети внатрешната поврзаност . Оттаму, после тоа скокаа во 2003 година, од таму е скокот и било кој да е на власт и СДСМ беше на власт и ВМРО ДПМНЕ сега кога е на власт. Тоа значи дека нашата економија е многу мала и премногу зависи од странскиот фактор.

**Јани Макрадули:** Благодарам,

За контра реплика е јавен господинот Стојменов Борис, повелете.

**Борис Стојменов:** Почитуван господине Андов.

Сигурно покрај, јас тоа што го кажав за себе, вие долго реме се занимавате со економија и тоа е добро, меѓутоа сигурно влијание врз македонската економија имаат повеќе фактори. За тоа ние денес зборуваме, за макроекономската политика, за буџетска политика, па и даночна политика. Тие политики ги расправаме денес. Во таа област ние сакавме во изминатиот период , независно од другите фактори да бидеме светска економија. Ние никогаш не велевме дека ние сме сопсвена приказна. Имаме национална економија која се разликува од глобалната економија. Тоа го кажува и Стиглиц, тоа го кажува и целиот меѓународен фонд. Да знаете , во 1999 година ние со големи сили се спротивставивме на ММФ за да ја отпушти т.н. стегната монетарна кредитна политика, за да го спречиме меѓународниот монетарен фонд, целиот буџет да го наменува во создавање на државни резерви и.т.н. Тука сте во право, меѓутоа тоа беше вистината.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Стојменов.

За збор е јавен господинот Иванов Љубисав-Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници

Со големо внимание ја следев дискусијата во овој парламент еве овие денови и на комисиите и во самиот парламент. Сакав многу работи да научам, да чујам, да ги проверам самиот со себе и да видам колку во сето тоа има реалност, објективност и нешто што ќе придонесе на нашата земја, на нашата држава и на нашиот народ.

Првата моја констатација е дека, главно, сите рекоа дека ние овој Буџет го носиме во тешка финансиска и економска криза. Јас под финансиска криза подразбирам, кризата што ги зафати нашите банки, осигурителните друштва, штедилниците и други институции што се бават со финансии. А, под економска криза секогаш подразбирам криза во реалната економија.

Меѓутоа, бидејќи одамна памтам, учесник сум на расправи долги години на буџети, стекнувам впечаток дека не е баш така, дека ние носиме Буџет во исклучително финансиска и економска криза во Република Македонија . Ние имавме многу години во Македонија криза. Кризата не следеше од 90 - тите години, а носевме буџети.

Меѓутоа тоа беа други времиња. Времиња кога немавме светска криза, кога имаше огромен капитал во развиениот свет, кога не се знаеше што да се прави со тој капитал. Ние носевме буџет во тие времиња кога го распродававме националното богатство во Македонија. И од тие пари, дел од тие пари одеше во полнењето на буџетот, а дел и самите знаете каде. Тоа беше време кога Македонија имаше многу грантови, многу донации и кога Македонија користеше кредити од поедини светски финансиски институции при Светската банка под исклучително поволни кредити и го решаваше надворешно-трговскиот дефицит. Го полнеше и буџетот на некој начин. Според тоа сега ние практично носиме буџет во ситуација кога имаме светска криза и финансиска и економска и во ситуација кога таа криза сакале или не, особено во сферата на реалната економија негативно ќе се одрази. И тука сега настанава големиот проблем. Јас еднаш реков на Комисијата за економски прашања дека имав прилика да ги читам изјавите на живите нобеловци по економија во врска со причините од кои настана оваа финансиска и економска криза во светот. Нивни мислења и ставови во врска со решавањето на таа финансиска економска криза. Ниеден во своите изјави не се поклопи. Сите имаат различни ставови по тоа прашање, како по длабочината на кризата така и по ширината на кризата. И сите

воглавно зборуваат за ненормални, сосема ненормални услови на стопанисување во светот. Не може никој да предвиди колку ќе трае таа криза.

Токму затоа тешко е да се оформи буџет на класичните познати начини, поаѓајќи од кредитно монетарната политика, фискалната политика, инвестициите итн, итн. Тешко е да се определи растот на бруто домашниот производ при вакви услови, меѓутоа треба ли при такви услови дететизам, страв, паника. Сигурно дека е потребна една офанзивна политика. Политика на раст.

И оваа Влада имам осеќај, толку напаѓаниот раст на бруто домашниот производ дека го заснива на три компоненти.

Првата е дека ние тука имаме различни мислења, дали се тоа три, дали се пет, шест, седум години како полека ја загреваме нашата економија. За разлика од светската економија која имаше голем раст во 90-тите години и практично сега е прегреана економијата. Многумина умни луѓе, аналитичари, економисти предвидуваат дека глобалната прегреана светска економија во толкава мера каква што постои во развиениот свет нема да се одрази на нашата економија.

Втората компонента, која е многу значајна, која често пати беше оспорувана, ама пред вистината и боговите застануваат, а тоа е дека ние имаме стабилен банкарски систем. Она што го предвиди банката дека големиот финансиски крах во банкарскиот светски систем нема така жестоко да се одрази на нашиот банкарски систем, во државата, тоа се покажа како добра проценка.

Почивајќи токму на тоа и на првиот елемент, имајќи во предвид дека Народната банка жестоко се определи да го брани курсот на денатор, Владата се определи и за ваков раст. Мислам дека во тој правец се присутни и многу непознаници, особено од надворешните влијание, меѓутоа ако постои единство кај нас, во Парламентот, тоа единство треба да го градиме и да го сочуваме растот на производството, растот на бруто домашниот производ и идната година и наредната година, која се очекува да биде уште потешка.

Вториот елемент за кој тука многу долго се зборуваше, а тоа е големиот трговски дефицит. Тој не произлегува од вчера. Тоа е наше чедо кое сме го развивале во периодите кога имавме голема стагнација. Тоа значи во периодите кога немавме раст, во периодите кога ги отворивме нашите граници да се увезува се и сешто а немавме производство кое ќе го извезуваме и ќе го неутрализираме увозот со извозот. И тоа некако досега се решаваше на повеќе начини. Еден од начините беа и дознаките на нашите граѓани кои работат и живеат надвор.

Вториот начин беше од инфузиите на капитал кој доаѓа од надвор, било преку директни инвестиции, инвестициони вложувања било преку кредити.

Третиот начин беше начинот од распродажбата на огромното национално богатство што го имавме во Македонија а кое го створивме во претходните 45 години. Денеска нема што да продаваме. Денеска тешко е да се добие инфузија од надвор затоа шти и земјите кои што располагаа со огромни капитали и средства, се исто така доведени во кризна состојба.

Според тоа ние сега мораме да се вратиме во она што значи “секое усе во свое клусе”. Тоа народот често го кажува и има многу голема содржина и смисла.

Што сега да се прави. Еден човек рекол кога доаѓа до голема криза земај ја лопатата. Тоа значи почнувај да работиш, почнувај да произведуваш, почнувај да градиш, почнувај да развиваш. Оваа Влада за тоа се определила. И некоја абецеда важи во економијата во вакви кризни моменти е значајна инвестициона активност и тука се согласувам со оние кои што зборуваат за позначајна потрошувачка.

Без тие два елементи нема излез од кризата, а тоа значи за да се задржи вториот елемент треба да се задржи вработувањето. Не да се сочуваат работни места, како овде што цело време се зборува, туку да се сочува бројот на работниците, или да се зголеми. Тоа значи некаде ќе се смалува бројот на вработените, на друго место тоа треба да се зголемува и затоа во тој правец сакам да дадам некои предлози.

Ние каде можеме да го бараме тој излез? Можеме да го бараме во инвестициите во инфраструктурата и во инвестициите во земјоделието. Добро е што Владата изгради една политика на субвенции на развој на земјоделието, меѓутоа покрај тоа јас предлагам на Владата да размисли и тоа многу брзо да дејствува, да се оформи еден фонд за развој на земјоделието, инвестиции во примарното производството и во преработувачката во агро комплексот. Таму се големи можностите за вработување.

Исто така, Владата не може да се занимава со извлекување на било кој фирми од некои без излезни состојби, но тоа може да го прави за поедини гранки. Тука најголем број на вработени и најголеми можности за вработување покрај земјоделието е лесната индустрија, текстилната индустрија, индустријата за намештај, кој воглавно своите производи ги пласираат на странскиот пазар и со нивно зголемување по обем и по пласман ќе се ублажуваат и последиците од дефицитот во надворешно-трговското работење. Како тоа?

Тоа може да се прави со фискалната политика, да се намалуваат во таа гранка придонесите и со разни други мерки таа дејност да се развива, затоа што за неа сеуште има доволен пазар, како што има доволен пазар и ќе има за земјоделските производи.

Развојот на градежната индустрија во изградбата на патиштата, на брзи пруги, на ревитализација на локалните патишта, во изградба на автопатишта до соседните земји, во отворањето на голем инвестиционен циклус во изградба на станови, домови за станување итн, се исто така процеси кои Владата треба многу брзо да ги развие. Тоа не значи дека ние сега ќе донесеме еден буџет кој ќе важи за цела година. Состојбите и кај нас и во светот се менуваат од ден на ден и затоа ние веројатно и така треба, со ребалансот на буџетот да ги неутрализираме и да ги решаваме многуте проблеми кои ќе ни се јават во текот на реализацијата на тој буџет.

Тој не може да биде некоја трајна категорија и непроменета. Тој треба да биде подложен на брзи промени, а и ред други мерки треба да ја следат економијата со цел разрешување на тие проблеми.

Јас мислам и апелирам дека во вакви моменти, како што имавме и некои други кризни моменти, треба да ја покажеме својата единственост, љубов кон татковината, енергичност и како еден да застанеме во зачувувањето на крупно наталожените процесни проблеми. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Значи, од пратеникот Љубисав Иванов ништо ново, филмски новости 1963 година - на економската криза ќе се спротивставиме со офанзивен раст. Истите говори господине Иванов секоја година. Не се трудите ни некоја стилска промена да внесете.

Тој раст во флоскули што постои само во пропагандните пораки на Владата многу јасно се гледа во аналитичките материјали на Владата, и ако не слушнавте преескa ќе повторам. За прв пат во последниве пет години е намалена реалната плата на вработените во Република Македонија. За 0,5%, за прв пат од 2003 година досега, во 2008 година македонскиот граѓанин со сопствената плата може да купи помалку услуги и добра. Тоа стои во официјален документ на Владата. Тоа е вистината господине Иванов.

Не знам зошто, за што и да зборувате трн во окото ви е гувернерот Петар Гошев, па пак ќе се вратите на монетарната политика за било што да зборувате.

Па, господине Иванов на господинот Гошев треба свеќа до крај на животот да му палите. Наместо да ви ја затавори банката ви најде купувач и ви овозможи големи средства вие и другите ваши, фиктивни и реални акционери во вашата банка да добиете. До крај на животот треба свеќа да му палите, а не секоја прилика да ја користите и да го напаѓате.

Дефицитот, велите одамна е проблемот, одамна растел. Еве повторно, официјален документ, фискална стратегија на Владата, страница 5, став 2 вели: "во надворешниот сектор анализирано во евра продлабочување на трговскиот дефицит за 84,2% споредено со истиот период минатата година. Не е ова пред сто години господине Иванов. Од минатата година е споредбата, со ланската година е направена.

Очекував не да го цитирате Стиглиц, бидејќи го читате само во преводи на српски јазик, во оргинал не го читате за да го цитирател, наместо Стиглиц и други работи да ни кажете вие во вашиот бизнис што очекувате наредната година? Колку луѓе ќе отпуштите? Колкав раст или пад ќе добиете и особено кога говорите на вашата омилена тема инвестиции во земјоделието, колку е предвидено со вашиот коалиционен договор од 70 милиони евра да добиете вие и вашите екс претпријатија во Кратово и кратовско по однос на земјоделски субвенции.

Инаку, знам дека платите не ве интересираат многу, затоа што во Кратово зимаат бонови и ништо не се купува освен како што разбрав кондури. Нашиот македонски народ само за кондури работи и тоа од оние кинеските, така да треба да се зачудите зошто толку многу кондури се продаваат во Кратово.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**ЉУбисав Иванов Ѕинго:** Благодарам господине претседателе.

Не знам дали ви е на вас јасно, мене ми е тотално јасно дека човекот е оптоварен со големи фрустрации и негативна енергија во себе. Тој мисли дека со некои активни, вакви говори ќе може да го најде својот духовен мир како би ги отстранил своите психовизички недостатоци и мани.

Каде му текна на овој човек Гошев да го спомне. Што му треба да спомнува луѓе кои не беа овде споменати. Какви се тоа предрасуди. Какви се тие однесувања во овој Парламент. Ниво треба да имаме ние пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ја разбрав пораката.

Има реплика господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

На господинот Љубисав Иванов би сакал за две работи да му реплицирам. Тоа е околу јавната потрошувачка и околу дефицитот. И господинот Стојменов зборуваше за тоа доста и ја обвини претходната Влада дека држела многу строга монетарна политика, а сега оваа Влада ја ослободила монетарната политика.

За мене тоа е делумно точно, бидејќи целата потрошувачка оваа Влада ја финансира преку фискалната политика, односно преку собирањето пари во буџетот, ги влече парите од стопанството,

ги исцрпува компаниите, а парите собрани во буџетот ги троши непродуктивно. Да не зборуваме сега за сите реклами, за сите договорни услуги кои што се над 400 милиони евра. Дали е таа продуктивна потрошувачка, или потрошувачка во насока на развојот? Значи, тоа е проблемот со оваа Влада. И затоа господинот Стојменов покажа графикони во кои што кога расте буџетот и расте потрошувачката, ќе расте бруто домашниот производ, ама дали тој раст е стабилен. И кога на тоа ќе видите дека ви расте дефицитот во тековната сметка, сосема е јасно дека тоа е непродуктивно. Значи, господине Лубисав Иванов Македонија освен од железо и челик и од извоз на облека, по сите други ставки остварува дефицит. И сите ставки укажуваат на тоа дека имаме непродуктивна потрошувачка и Владата не знам до кога мислите дека ваквиот концепт ќе издржи. Еве, ги зголемија платите во јавната администрација, велејќи дека тоа е добар концепт. Тоа се одрази на дефицитот, се зголеми потрошувачката непродуктивна и сега имаме дефицит 700, 800 милиони евра во тековната сметка кој не може да се покрие. Дали е тоа правилна политика? Кој сега ќе го покрива? Народна банка е принудена да ја ограничува потрошувачката на банките, затоа што Владата не сака да ја ограничи нејзината. Тоа е целиот концепт. Друго е кога банките даваат кредити на фирмите врз основа на развојни програми, а друго е, кога Владата си троши пари за сопствена промоција и за купување гласови на граѓаните. Тој концепт не ни донесе добро. Видовме 1998 година и 2002 година, и сега ќе видиме 2006, 2010 година. Затоа сметаме дека е погрешен концептот. Претходмниот период имавме рестриктивен буџет, рестриктивна монетарна политика и стапки на развој кои од година на година се движеа, ама беа стабилни. Затоа сметаме дека е погрешно.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Почитуван колега, јас потполно вас ве сфаќам, ама ние зборуваме за различни работи. Вие зборувате за буџетски дефицит, јас зборував за надворешно трговски дефицит. Според тоа, нема што да ви одговорам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Имам едно чувство, оваа актуелизација на различните школи кај нас, школи на поголема потрошувачка како двигател на развојот и школи како ограничување на потрошувачката и стагнација има некое актуелно значење, има значење да се продлабочи и пренагласи разликата која постои како концепт меѓу мерките последни што ги донесе Советот на гувернерите и буџетската проекција. Некако тоа се виде и во изјавата на заменик премиерот господинот Ставрески. Сакам да ви кажам, немојте на тоа да пукате од причина што објективно Народната банка поради функцијата што ја обавува има поточен увид во состојбите и во она што се случува. Тие се загрижени, јас така ги сфатив. Затоа и тие мерки ги прават сега. Да не се случи во сверата на монетарната политика движење кое ќе предизвика повлекување на зголемен увоз и раст на дефицитот на платниот биланс, или раст на дефицитот на надворешната тековна сметка. Тоа ќе се случи ако не се преземат такви мерки. Мислам дека тоа се промислени мерки, можат после да се поправат, ама да не се врши сега притисок и осуда на таа политика што ја застапува банката. Ние не сме Америка да можеме со буџетски пари и со печатење на долари, доларот е светска валута, да можеме да предизвикаме внатрешен развој. Тоа не ни е нас силата, тоа не можеме да го направиме. Делумно можеме само да го поддржиме и треба да го подржуваме со стабилноста која ќе ја имаме која ќе ни олесни да дојде странски капитал кој понатаму ќе ја развие нашата економија. Тие работи сакам да ги кажам. Се што е пожелно го кажа господинот Љубисав Иванов, ама за тоа ни треба стабилна економија и стабилност на домашната валута. А се ова што го прави банката е да овозможи некако да се задржи курсот на денарот во стабилни рамки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Токму и за тоа зборував да се овозможи поголема потрошувачка со цел да се раздвижи македонската економија. И ако тоа успееме да го направиме, ние ќе тргнеме позначајно низ излезната линија.

**Трајко Вељаноски:** Следен за збор е госпоѓа Димевска Катерина. Не е присутна. Го губи правото за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господин министре, колешки и колеги пратеници,

Дозволете во овие три минути да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ.

Господинот Стојменов рече дека ова не е буџет на Владата ова е буџет на сите граѓани. Јас малку би го корегирал. Ова треба да биде буџет на сите граѓани во Република Македонија. Но, бидејќи овој буџет апсолутно не оди во прилог на граѓаните на Република Македонија, пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој буџет и ќе гласа против.

Дозволете накратко да ги елаборирам причините за нашата одлука.

Прво, овој буџет нема развојна компонента, има многу трошоци за непродуктивни расходи, за стадиони, за градски трговски центри, за градски автобуси, за камери во здравствените установи. Овој буџет не е реален и не ги абсорбира мерките и барањата на бизнис заедницата за излез од економската криза. Овој буџет не само што не им помага на успешните фирми и компаниите

извозници, туку дополнително ќе го исцеди стопанството во нашата држава. Ова е изборен буџет кој што ќе живее само до март месец, бидејќи по зборовите на Владата на веќе недонесен буџет, Владата зборува за ребаланс. Има многу нови пари за многу стари нереализирани проекти. Овој буџет ќе направи дупка во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе направи дупка во Фондот за здравствено осигурување. Да биде трагедијата поголема, самата Влада не знае колкава ќе биде таа дупка, бидејќи министерот за финансии вели 20 милиони, министерот за здравство од истата Влада вели 70 милиони. За жал, проектираната проекција од 4% зголемено вработување нема да се случи, бидејќи веќе 12 илјади луѓе во овие два месеци останаа без работа. Нема да има реализација на капитални инвестиции, бидејќи оваа Влада не знае нив да ги реализира. Според тврдењето на самата Влада таа е на ниво на 49%. ММФ предупредува дека концентрираното трошење на капитални расходи на крајот од годината е катастрофално и лошо за една држава, а ние гледаме по 100 минути секој ден има реклами колку да се потрошат парите. Овој буџет го почнуваме со влошен кредитен рејтинг, намалена конкурентност, намалено индустриско производство, намалена вработеност без инвестиции. Единствено се зголемени нелогичните и глупави патетични реклами и зголемените стоки и услуги. Овој буџет ќе ја банкротира Република Македонија, ќе направи политичка и економска нестабилност на државата. Затоа нема да гласаме за овој буџет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека ова нема да се свати и претходното како новогодишна порака. Малку оптимизам. Знам дека господинот Макрадули не може да биде горд на Владата во оваа земја, но господине Макрадули, мислам дека треба да бидете горд на својата земја. Господине Макрадули, земји членки на Европската унија се на колена. Латвија ѕвездата на растот на новите земји членкина Европската унија е на колена, доби 2, 3 милијарди евра, пред некој ден помош од ММФ и се согласи буџетскиот дефицит од 10% да го намали на 5%. Во таква слична состојба се и други земји членки на Европската унија како што е Унгарија итн. Република Македонија верувајте и покрај тоа што вие сакате поинаку да гледате на тоа, многу добро се држи, а се држи затоа што некои од мерките кои што сега некои од земјите би посакале да ги имаат, ние ги преземедовме две години, една година однапред.

Околу тоа, дали е развоен, не е развоен буџетот многу се зборуваше овде. Сакам да ви кажам дека делот од буџетскиот дефицит кој што е наменет за инфраструктурни проекти навистина ќе треба да овозможи компензација на намалената побарувачка на други полиња. Овој буџет нема никаква намера да ја доведе Република Македонија во банкрот. Република Македонија нема никогаш со оваа Влада да влезе во банкрот, затоа што Владата на Република Македонија овозможи Република Македонија да стане една од најмалку задолжените земји во светот. Инаку, затоа што многу често се манипулира со тоа банкрот држава, некои од вас дури и се дрзнаа сега да кажат дека Република Македонија била банкрот држава. Банкрот држава, господине Макрадули, е земја која што не може да ги измирува своите обврски. За 2008 година, Република Македонија редовно ги сервисираше своите обврски и на внатрешен и на надворешен план. Каде тука гледате проблем, господине Макрадули?

И сега до господинот Манасијевски, затоа што се работи за цифри.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам министре, се однесува на репликата на господинот Јани Макрадули.

**Трајко Славески:** Добро, ќе најдеме начин. Имам уште 50 секунди.

Многу често се манипулира со цифрите од страна на пратениците. Растот на платите во Република Македонија за 2008 година според макроекономската политика е истата и изнесува 2,8. Предвиден раст, номиналниот раст на платите е 10,8%, раст на просечна инфлација 8%, 10,8% минус 8, изнесува 2,8%. И да не се манипулира со цифрите.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

СДСМ е одговорна опозиција која што предупредува на кабинетско изборниот скроен буџет од страна на ВМРО ДПМНЕ кој не само по мислење на пратеничката група на СДСМ, туку по мислење на сите експерти во Република Македонија и претставниците на ММФ ќе направат социјална криза, економска криза, финансиска криза во Република Македонија. Ваквата кабинетско изборна политика вметната во овој буџет ќе донесе катастрофални последици по Буџетот и по политиката во Република Македонија на долгорочен план.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Ги користам оние четири минути што ми останаа. Овде се спомнува Стиглиќ што кажал. Ако добро се чита што Стиглиќ кажа и кажуваше и порано. Тој основен фактор што ја предизвика оваа криза смета дека е во недостатокот и напуштањето на регулацијата. Со една дерегулација, опасна дерегулација која предизвика некритички и неосновано да се формира побарувачка и потрошувачка, која е далеку од онаа Ќеизова категорија, ефективна побарувачка која може потоа и да плаќа. Според тоа, тоа беше

овозможено од Гринспен, оној директор на резервите во Америка кој мислеше дека затоа што може да штампа пари и да печатат долари, може да ги задоволува вечно сите потреби и поддршки од менаџментот на големите компании особено во банките. Меѓутоа, сам Гринспен се извини, кажа дека водел погрешна политика. Самото стимулирање на потрошувачката, ако не е врзано во економски ефекти кои се засниваат на постоење на ефективна побарувачка и на зголемување на граничната ефикасност на капиталот, тоа се основни категории од Ќејнс. Нема излез, тоа е се фрлање пара. Еве, до каде дојдовме. Тоа нам може да ни се случи со вакви идеи, дека ние само да ја зголемиме потрошувачката која ќе не убие заради тоа што ќе ни повлече дефицит во платниот биланс, затоа не мислиме на таа работа, готови сме да се залетаме за таква економија. Треба многу да се внимава. Предупредувањето на ММФ што ни ги даваше се многу основани. Тие извлекоа правилни заклучоци за секаде. Треба да се поддржи оваа акција на Народната банка, да застанеме малку посилно за неа, да не се предизвикува непотребен судир меѓу Владата и банката. Владата има можност да си коригира. Ако на време банката не преземе вакви работи, после и да ги преземе нема да има ефект. А Владата може да предложи измена на Буџет овде после. Така што треба реално да постапуваме. И затоа овој ваков буџет по мое мислење ќе ги зајакне негативните тенденции што ќе дојдат и што доаѓаат од кризата, од меѓународната криза и ќе направат поголема штета.

Во овој момент за ваков буџет јас не можам да гласам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Една кратка реплика. Господинот Андов извонредно ги објасни двата фактори кои што во корелација го дадоа овој ефект. Сега непоучени од тоа што се случуваше таму, преставниците на владеачкото мнозинство сега сакаат да создадат притисок во Македонија. Единствената кочница за спроведување на ваква неразумна политика Народната банка да биде симната. И затоа имавме дискусии против политиката на Народната банка денеска од двајца пратеници, од министерот за финансии Славески во континуитет напади спрема гувернерот и веќе се создава една атмосфера дека супер ќе ни тргне, одлично ќе биде, ќе има раст, ќе има зголемена јавна потрошувачка да не е оваа рестриктивна политика на гувернерот. Меѓутоа, не е само гувернерот. Советот на Народна банка донесе одлуки и мерки какви што донесе. И тие за жал, ќе бидат уште порестриктивни, ако Владата продолжи со оваа експанзивна политика, ако Владата се упристои малку, тогаш ќе нема потреба и од таква рестриктивна политика во делот на Народната банка. И добро е што имаме ваква разумна, одговорна политика на Народната банка, затоа што таа во овие услови е единствена брана од отвореното одење во пропаст со политиката на оваа Влада. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Борислав Стојменов, повелете.

**Борислав Стојменов:** Почитувани пратеници, јас си оставив време, не да кажам некои нови работи, туку треба нешто и да потенцирам кога се работи за буџетот за 2009 година. Буџетот за 2009 година е и последица на досегашното работење и од тука тој е лимитиран. Буџетот е последица на приватизацијата, буџетот е последица на презадолжноста на Република Македонија, буџетот е последица на 360 илјади невработени кои се создадоа во транзиција. Тоа се лимитите во буџетот и сите овие работи. Нема Влада која ќе се нафати и да ги покрие тие расходи и да ја води таа политика. Ако го гледате нашиот буџет, слободата на секоја влада, а и на оваа Влада е некаде само 17% до 18% од вредноста на Буџетот. Се друго е лимит. Овде се социјалните пакети, социјални давачки кои се огромни. За мене е социјала во Македонија сеуште социјалните трансфери, за мене е социјала сеуште платите во Република Македонија. Ние имаме сеуште мали плати, иако се трудиме да ги зголемиме. Тоа се лимити кои мора да се покриваат. Исто така, ние се уште сме задолжена земја, треба да ги плаќаме кредитите и тоа мора да го направиме.

Тоа е земено од реалниот речник, тоа се фиксни давачки на буџетот на кој нема влијание ниту една Влада, ниту тоа може да го направи. Другиот дел од 14% тоа е креацијата на Владата. Меѓутоа, од дискусиите, иако беа дијаметрално спротивни, иако кога се критикуваа политиките на Владата имавме големи разлики, дури песимизам во поглед на политиката на Владата, гледајќи ги сега амандманите поднесени најголем дел од опозицијата, што се констатира. Сега ние имаме консензус за буџетот од сите. Ниеден амандман, скоро нема амандман со кој се бара, освен усменото барање на г-динот Андов, сите пишани амандмани, со ниеден амандман не се намалува обемот на буџетот. Значи еве консензус.

Втората група на амандмани, амандмани кои се поднесени на инвестициите предвидени во буџетот, освен промена на одредена структура на инвестиции, обемот на тие инвестиции не се намалува. Значи, овде сме знаеле, имаме ист пристап, имаме консензус кон буџетот. Дури уште една работа, ние од опозицијата имаме над 5 милијарди барања да се зголемат тековните расходи, многу повеќе трошење отколку што тоа го проектира Владата во буџетот. Што произлегува од тоа? Заклучок е дека буџетот на Република Македонија преку амандманите и проектираниот буџет имаат консензус и така треба да биде, тоа е објективно за буџетот на Република Македонија. Благодарам.

Затоа јас ќе го прифатам буџетот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има г-динот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Г-дине претседателе, ако се спои тоа што денес го зборував и она што го зборував минатиот пат ќе биде јасно зошто јас не сум поднел амандман. Јас мислам дека со еден, два, пет или десет амандмани не се решаваат проблемите кои постојат не се решаваат работите и проблемите кои постојат во овој буџет и затоа не поднесов амандман.

Она што го заговарав тоа е извесна промена на политиката. Треба да се изберат сите сектори на непродуктивно трошење, она трошење кое не ги менува овие две работи, што не ја зголемува ефективната побарувачка и не го зголемува нивото на профитност, нашата профитна стапка како велат, а тоа г-динот министер може да го знае, би требало да ги знае тие работи, може да избере, сите тие такви потрошувачки ги има сијасет во буџетот, треба или да се постават за друга година или нивното ниво да се замрзне, да не расте. Ако немаме пораст на таквите ставки во буџетот, ќе се добие по мое мислење најмалку 300 милиони евра. Затоа реков 10% да се намали буџетот, да останат тие во стопанството, кај граѓаните, сами да им определат намена, да им помогнат на еден голем број луѓе и фирми да се извлечат од тешкотиите во кои паѓаат сега, меѓу другото, и заради нашиот буџет и заради сето ова што се случува во светот, на тој начин да се одржи ниво на стопанска активност и како ќе попушта светската криза така ќе имаме ние поспособни фирми, субјекти од државата кои ќе ја развиваат економијата. Тие ќе ја развиваат економијата, а не буџетот и државата сами. Буџетот и државата треба само да им помага, ништо повеќе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има г-динот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

На г-динот Стојменов само за две работи сакам да му реплицирам.

Првата работа е тоа што на некој начин дојде на различни гледања со министерот. Министерот пред малку не убедуваше дека многу земји сакале да бидат како Република Македонија во поглед на задолженоста, алудирајќи во смисла дека Република Македонија не е задолжена. Г-динот Стојменов кажа, од искуство веројатно затоа што бил министер за финансии, дека Република Македонија е презадолжена. Сега дали и вкупниот долг на Република Македонија, и внатрешен и надворешен, го сметал тука, но постои една неусогласеност во изјавите на министерот и на г-динот Стојменов и сега на тоа кога ќе додадете дека Владата планира уште 200 милиони евра да се задолжи, прави спротивно од она што се препораките на светските меѓународни финансиски институции да се намалува дефицитот и да се штеди.

Втората работа е дека што сакам да му реплицирам на тоа дека ние како опозиција поднесовме амандман со кој што баравме да се корегираат приходите во буџетот и тоа како во однос на персоналниот данок на доход, данокот на добивка и данокот на додадена вредност, но за жал владеачкото мнозинство не прифати и остана на своите проекции, иако ги намалува стапките за придонеси, повторно ќе оствари кај перосналниот данок на доход 14% повеќе од она што било претходната година. Во една таква ситуација кога имате неусогласени ставови, кога имате неодговорени прашања, кои се проекциите на Владата во однос на кризата, и кога гледате дека нема стратегија Владата и не знае како ќе го остварува буџетот и како ќе се справува со кризата, логично е да не можеме да го поддржиме буџетот и да гласаме против. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарма и јас.

За контра реплика се јави г-динот Стојменов Борислав, повелете.

**Борислав Стојменов:** Јас мислам дека сум погрешно разбран, ние со министерот за финансии немаме различни гледања на буџетот и на задолжувањето на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Не се сомневам во стручните познавања на г-динот Стојменов и сум уверен во една работа. Да нема сопственост индиректна на национална телевизија или директна сопственост на штедилница би зборувал поинаку, од проста причина што верувам дека и самиот тој не е убеден во овој концепт и структура на буџетот, но сега има обврска спрема владеачкото мнозинство истиот да го брани и не му е лесно. Јас апсолутно го разбирам. Но затоа, без да навлезам во политиката би споменал неколку конкретни работи, за кои г-динот Стојменов верувам дека апсолутно не се согласува, но веројатно мора да ги каже.

Прва работа г-дине Стојменов, што фиксни трошоци не се 400 милиони евра за договорни услуги и вработување на партиска армија, тоа апсолутно е варијабилен трошок кој што се воведе со Владата на ВМРО ДПМНЕ. Претходно такви ставки не постоеа во буџетот или ако постоеја изнесуваа 2, 3, 5 милиони евра, а не 400 милиони евра, така што тука апсолутно не сте во право. Фиксните трошоци од 400 милиони евра ги воведе ВМРО ДПМНЕ за да корумпира и да ги троши парите на граѓаните.

Втора работа, пред малку говореше колегата Николов, велите Македонија е задолжена држава и треба да ги враќа долговите, вие меѓу другото исто така дадовте поддршка за задолжување на преку 50 милиони евра за изградба на регионални патишта кога во буџетот не само што има 50 милиони евра непродуктивни трошоци со кои 8

пати повеќе може да се изградат патиштата и да се инвестира во инфраструктура.

Трета работа е што велите дека постои консензус. Постои консензус меѓу вас со владеачкото мнозинство, инаку вие не кажавте дали овој буџет на пример е резултат на разговор со двете стопански комори. Нема таков разговор, нема дијалог со бизнисот. Втората работа е, овој буџет не е направен врз база на дијалог со синдикатите и со Сојзуот на синдикатите на Република Македонија, според тоа апсолутно не е вградена таа нишка и ова не е резултат на добро одмерен и консензуално утврден буџет. Трета работа е што опозицијата заради оваа криза бара вкупно 5 милијарди денари - кога велите милијарди, кажете денари, во ситуација кога 23 милијарди денари или 4 и пол пати повеќе се предвидени за договори за дела и за реклами. Петтата работа е што опозицијата предложи намалување на ДДВ од 18 на 15% за да се преброди оваа криза, но вие одбивте бидејќи ви е лесно да ги собирате парите и уште неодговрно да ги трошите. И на крајот најдобра потврда дека овој буџет е катасторофален и ќе ја доведе државата во колапс е тоа што после локалните избори вие веднаш ќе излезете со ребаланс и ќе немате пари да ги платите пензиите и платите, но за жал цената веќе ќе ја платат граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за г-динот Стојменов Борислав, повелете.

**Борислав Стојменов:** Г-дине Игор, ве молам оставете ја националната телевизија затоа што сум обвинет дека работи за вас.

Јас зборувам врз база на податоци, така сум деформиран и овде пред мене имам податоци, па ако сакате проверете ги податоците г-дине Игор.

Прво, таа фамозна ваша ставка договорни услуги, на кои ги почнувате дискусиите, да ви кажам само еден пример. Јас кога бев министер за финансии, тие договорни услуги се 700 милиони, а 2006 година, заклучно со 2007 година беа 17 милиони денари. Може ли да ми објасните колку се тие бројки, и од каде се, што е тоа. Да ми одговорите на ова.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Манасијевски Јован, повелете.

Јован Манасијевски: Главната теза на почитуваниот пратеник Стојменов во неговото излагање беше дека наводно постоел консензус меѓу сите политички партии за овој буџет. Се разбира дека тоа не само што не е точно туку е и обид за манипулација со јавноста. Не може да има консензус за ваков лош буџет и јас не знам г-дине Стојменов кого убедувате дека има консензус кога јавноста овие три недели ја следи дебатата и ги следи основните линии на фронтот кои што ги има. Впрочем, обидот на опозицијата со амандманот беше барем малку да се упристои расходната страна на буџетот, меѓутоа, се разбира тоа е јалова работа со вакво владеачко мнозинство. Инаку, не може не само опозицијата туку ниеден граѓанин да се согласи со зголемен арач, со зголемено собирање на средства од џебовите на граѓаните и од сметките на фирмите, што вие го правите со овој буџет во ненормални износи и тоа во една година на економска криза.

Исто така, не може никој да се согласи со зголемување, со речиси дуплирање на буџетскиот дефицит кој што целосно оди за неразјаснети работи. Имено, воопшто во текот на целата расправа не беше дадено образложение за што оди зголемениот буџетски дефицит кој што сега се проектира на 2,8%.

Значи, не е точно дека има консензус и не може да има консензус за вака лош катастрофален буџет што дополнително ќе ги осиромаши македонските граѓани и македонските фирми. Овој буџет наместо да биде обид да се ублажи кризата, ќе биде всушност инструмент на продлабочување на економската криза во Република Македонија. Овој буџет нема воопшто разбирање за тешката економска ситуација на граѓаните, за лошата состојба со ликвидност на фирмите, овој буџет го интересира само Владата да ги прибере своите приходи и тоа што повеќе и по што повеќе разни основи и тоа јас во своите дискусии документирано го аргоментирав и жал ми е ако не сте го слушнале. Меѓутоа аргументиравме дека нема категорија од работник до земјоделец преку спортски работник, преку културен работник што со овој буџет нема да биде повеќе оданочена. Сите овие категории се оданочуваат со поголеми ставки, на тој начин на една кризна година се прибираат енормно високи средства кои во овој буџет планираат да се потрошат на непродуктивни и навистина многу дискубитални начини.

Затоа, не може да се даде и нема да се даде поддршка на ваков буџет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за г-динот Стојменов Борислав, повелете.

**Борислав Стојменов:** Г-дине Манасијевски овој буџет се состои од два дела, од приходи и од расходи, обем на приходи и обем на расходи. Вие поднесовте амандмани, конкретни амандмани и со тие ваши амандмани не ги намаливте приходите во проектираниот буџет. Со тоа самите кажувате дека се согласувате.

Второ, во расодниот дел на буџетот сакавте да направите промени во структурата на расходите, а не и да се намалат расходите, односно потрошувачката. Затоа ние имаме консензус.

Г-дине Мансијевски, знаете ли што е дефицит? Дали и кога Македонија имала буџетски дефицит во последните 10 години? Ако ми одговорите која година имало, јас ќе признам дека сум грешел. (2001 година). 2001 година имаше суфицит.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот претрес е завршен.

Ве известувам дека пратеникот Флора Кадриу поднесе амандман на разел 18001 Програма К за отворање нова Потпрограма К3 Категорија 42 и ставка 425 по Потпрограмата К2 и ставката 425 и на раздел 09002 Програма 2 Потрограма 20 ставка 464, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амамдмани на разел 02001 Програма 2, Потпрограма 23 ставки 482 и 483 и на разел 09002 Програма 2, Потпрограма 48 ставка 426; разел; 02001 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 423 и на раздел 08001 Програма 4, Потпрограма 40 ставка 426 и на нив поднесени измени, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандмани на раздел 02001 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 481 и на разел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483; раздел 02001 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 420 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483, и на раздел 02001 Програма 2, Потпрограма 23 ставка 401 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска и Весна Бндевска поднесоа амандмани на раздел 04009 за додавање нова Програма К, нова Потпрогрма К2, каегорија “стоки и услуги” и ставка 425 по Програмата 2 по Потпрограмата 20, и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 426; раздел 10001 Програма 3, Потпрограма 32 за додавање нова категорија 48 и ставка 482 по ставката 464, радел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 09002 Програма, Потпрограма 20 ставка 482; раздел 10001 Програма 3, Потпрограма 32 за додавање нова категорија 48 и ставка 482 по ставката 464, раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 стаква 426, раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 48 ставка 483 и на раздел 16001 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 48 ставка 483 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Бендевска поднесе амандмани на раздел 15001 за додавање нова Потпрогрма 51, Категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по Потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 15020 за додавање на Потпрограма 48, каегорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483, кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјанчо Николов поднесе амандмани на раздел 15001 за додавање нова потпрограма 51 категорија 42 ставка 425 Потпрограма 5 по потпрограма 50 и ствка 403 и на раздел 09002 програма 5 по Потпрограмата 20 ставка 464: раздел 15020 за додавање нова потпрограма 48 категирија 47 и ставка 471 во програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002, Програма 2 , Потпрограма 29 ставка 461 ина раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 и на раздекл 15020 за додавање нова Потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47, ставка 483 и на раздел 090002 Програма 2, Потрограма 20 ставка 461, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Менде Диневски поднесе амандмани на раздел 15001за додавање нова Потпрограма 51, категорија 42 и ставка 425 по Попрограмата 5 по Потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 програма 2. Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 15020 за додавање нова Потпрогрма 48, категорија 47 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 090002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Горан Сугаревски на раздел 15001 за додавање нова Потпрограма 51, категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 по Потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма Потрограм 20 ставка 464 и на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2, ПОтпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандман на раздел15020 за додавање нова Потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програма 4 по ПОтпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставк 483, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Миле Андонов поднесе амандман на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ствак 483 и на раздел 09002 Програма 2, ПОтпрограма 20 ставка 461, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Радмила шеќеринска поднесе амандман на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмта 47 и ставка 483 и на раздел 090002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02 001 Програма 2, Потпрограма 23 ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 48 ставка 426, поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/339.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Сметаме дека согласно Деловникот од член 156 став 3 дека не е во согласност со овој амандман..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам произнесете се дали го прифаќате или не го прифаЌате овој амандман.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Врз основа на член 156 став 6 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Јани Макрадули доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

И тоа го доживеавме министри од Владата да го толкуваат Деловникот на Собранието и затоа не очекувам единицата за демократија оваа држава да се промени со овој начин на однесување од страна на Владата. Амандманот што го предлагам е да го одзема пари од страна на Владата за непродуктивни, нерезонски, нелогични реклами и тие да се дадат за пдобрување на квалитетот и капацитетот на собранискиот канал. Мислам дека Собранието как основач на Македонската радио телевизија требаШе да собере сила и да се огради од новинари коуи што нашиот премиер го означуваат како пастир. Мислам дека кога се бориме против или кога се бориме за демоктратијата во државаа, ние како Собранието требаше тоа да го направиме. За да го направиме тоа на ова Собрание, навистина потребне е собраниски канал по сите тертипи, по сите стандарди и ме радува што потпретседателот на Собранието со делегација црпи искуства од франција, од други земји и мислам дека ако сакаме да ја вратиме, да се обидем да ја поправиме единицата за демократија во нашата држава, собранискиот канал е еден од клучните компоненти според мене каква порака ќе праќаме кон граѓаните. Навистина, дали сме за демократија или не сме за демократија. Од ставката од која што сакаме да повлечеме средства е ставката со која што реков се плаќаат реклами и бидејќи државата или Владата на ВМРО ДПМНЕ не знае како да ги потроши парите, цела Македонија и сите граЃани се сведоци на масовно рекламирање на реклами кои што се преплавени по медиумите. За жал, во тие реклами има толку нелогичности, што во една реклама Александар Македоснки има црна коса, во друга сина, во трета костенлива, со што дополнително ше направи непознвање кај младите генерации кои што доаѓаат и кои што сакаат да се идентификуваат со него како херој. Затоа, во 16 часот имаме една реклама, во 18 друга, во 19,30 трета, која што апсолутно нема врска со ништо и што лошо и негативно ги едуцира младите генерации. Затоа, ме радува што Советот за радио дифузија има кампања телевизијата да не ги образува учениците, децата. Затоа, мислам дека е многиу попаметно парите да се дадат за собранискиот канал, да н аправиме еден канал кој што ќе зрачи со транспарентност, еднаквост и демократичност, а не да дозволиме вакви безвезни милион реклами да ги преплавуваат домовите во нашата Република. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за амандманот гласаа 11, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандман на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 23 ставка 483 ин а раздел 09002 Програма 2, Попрограма 48 ставка 426, поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/339.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 20 ставка 423 и на раздел 08001 Програма 4, Потпрограма 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/338.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 6 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Јани Макрадули доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

И овој амандман се однесува на средства потребни за подобрување на квалитетот и капацитетот на Собранието и сметам дека едан од клучните компоненти за да се оствари заедничка цел верувам на сите нас, е со подигнување на квалитетот на човечките ресурси. Сведоци сме се по денешниот дневен весник “Шпиц” заинтересираноста на млади и квалитетни луѓе да бидат дел од админстрацијата, дел од државните државните службеници кои што ќе ја

градат демократијата заедно со пратениците во Република Македонија и мене ме радува што 200 млади високо образовани луѓе се заинтересирале да бидат дел од службите и работните тела овде во Собранието. Не би можеле да ги коментирам дел од текстот што се однесуваат на лошиот третман што го имале, но сепак е очигледна е потребата очигледна е потребата во Собранието и тоа се сите сме свесни ни фалат покрај техничките ресурси ни фалат и човечки ресурси. И затоа сметам дека многу попаменто е од буџетот на Република Македонија наместо непродуктивни трошоци кои ќе одат на некои безвезни реклами кои што немаат апсолутно никаква порака, парите да ги вложиме или средствата да ги пренамениме во подигнување на капацитетот за чкечките ресурси овде во Собранието.

Сметам и се надевам дека покрај координаторот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, ќе најдеме подршка и од другите пратеници од парламентарното мнозинство, пред се, од претседателите н а комисиите кои самите се среќават до огромен број на работа која што за жал не ја следат доволно заради немањето на човечки ресурси.

Една од карактеристиките на едно добро С.В во Америка кога луѓето се кандидираат за конгресени или сенатори, а тоа редовно го прават тоа дека биле или работеле како стажанти во Американскиот конгрес или во Сенатот. Јас се надевам дек и тука имаме такви примери, тоа мене ме радува и мислам дека со подигнување на ресурсите од аспект на човечки ресурси, ќе направиме или ќе изградиме едни модерни политичари кои што ќе ја вратат во ова Собрание и ќе ја подигнат демократијата во Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за амандманот гласаа 12, воздржани нема, против 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 20 ставка 423 и на раздел 08001 Програма 4, Потпрограма 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/338.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 20 ставка 481 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/317.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 6 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Јани Макрадули доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Средствата кои што со овој амандман се предлагаат се за доизгрдба и подобрување на условите во законодавниот дом. Во амандмандманската расправа амандманот поднесен од сите пратенички групи беШе делумно прифатен од страна на министерот за финансии, а остана заради една можна или реално довршување на проектот за реконструкција и менување на подобрување на условите за работа овде во Собранието остана за понатаму со некој ребаланс во иднина. Сметам дека многу попаметно е наместо да се купува мебел и возила од страна на Министерството за финансии во делот на функции на државата да тие средства се пренаменат за доизградба и подобрување на условите во законодавниот дом. Само со осамостијување, тое е мислењето на сите експерти и сите луѓе пријатели на Република Македонија, како дома така и надвор, само со подобрување и со независнот на Собранието како институција, ќе можеме да сметаме на политичката волја секако, ќе можеме на поголема демократија во Република Македонија и подобрување на политичките процеси во Република Македонија. Затоа и го предолживи овој амандман во име на пратеничката група. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за амандманот гласаа 10 пратеници, двајца воздржани, против 51 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 20 ставка 481 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/317.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 20 ставка 420 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка

483 поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/318.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Јани Макрадули доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе.

Како предлагач на овој амандман сум во дилема кога пратениците сами си гласаат против подибрување на техничките и чоевчките ресурси овде во Собранието и подобрување на условите. Не гледам логика да останеме на дебата за амандманот кога очигледно парламентарното мнозинство гласа против самите себе така да во овој момент го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2, Попрограма 23 ставка 401 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/319.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Јани Макрадули доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Амандманот го предлагам за обезбедување средства за зголемување на платите и надоместоците на вработените во Собранието, во службите , во работните тела, советниците и сите луѓе кои што ни овозможуваат секојдневна работа овде во Собранието. Веројатно и членовите и другите пратеници, не само од опозицијата, верувам и од власта секојдневно низ ходниците, за тоа зборуваше господинт Ќуркчиев кога беше општата расправа по буџетот, се загрижени и вработените во Собранието за тоа како ќе се реализира концептот бруто плата и што ќе се случи со храната и превозот. Дали се намалува дел од тие средства кои што и досега ги добивале.

Верувам дека парламентарното мнозинство задоволно од она што како услуга и помош го добиваме од работата на вработените и се надевам дека ќе гласаат за поддршка на овој амандман, кој што предвидува наместо Министерството за финансии да се расфрла со парите на граѓаните и тоа да го прави со реклами, избегнува од исплатата на отштатата за патриотските каси, ја користам оваа прилика уште еднаш да повторам дека изјавата на премиерот Груевски е погрешна, Европскио суд има донесено Одлука за забрана на такви кампањи и тоа токму ирскиот пример и наместо Владата да ги избегнува обврските согласно Уставот мислам дека треба да размисли не само тие средства како ќе ги обезбеди, туку да ги обезбеди и оние средства што се за вработените во Собранието.

Да ве потсетам колеги, вие што дофрлувате, во Собранието на Република Македонија сте каде што има и други вработени, освен вас кои што добивате плата а не сте кажале збор 2-3 години освен што довикувате и урлате овде. Затоа гласајте за вработените во Собранието ќе биде многу попаметно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 11 пратеници, воздржани нема и против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 02001 Програма 2 потпрограма 23 ставка 401 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратеникот Јани Макрадули под архивски број 07-4988/319.

Тука ја прекинувам седница.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,17 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандман на Раздел 04009 за додавање нова Програма К, нова Потпрограма К2, Категорија “Стоки и Услуги” и ставка 425 по Програмата 2 по Потпрограмата 20, и на Раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска и Весна Бендевска, под архивски број 07-4988/313.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 6 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од 3 минути.

Повикувам еден од подносителите на амандманот доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор госпоѓата Радмила Шекеринска Јанковска.

**Радмила Шекеринска Јанковска:** Кога министерот и заменик министерот имаат дилеми за кој амандман се дискутира, не ни гледаат која е бројката се знае одговорот, амандманот не се прифаќа. Малку делува тоа дестимулирачки на пратениците кои што џабе им е колку аргументи, колку податоци да дадат знаат дека амандманите се осудени на неуспех бидејќи парламентарното мнозинство гласа онака како што размислуваат министерот и заменик министерот, а тоа е според директива.

Меѓутоа, сепак и во име на јавноста и во име на оние кои што не следат сакам да кажам која е целта на амандманот.

Со амандманот кој што го поднесоа тројца пратеници од СДСМ се предлага во Буџетот за 2009 година да се дадат средства со помош на кои вработените во државната администрација, сегашни или идни ќе имаат прилика повторно да користат стипендии за надградба на нивното знаење особено во делот на европските интеграции.

Мене ми е многу јасно дека Владата ваквиот амандман не сака да го прифати.

Имено, ако се послужам со една од многуте кампањи на Владата, која што тврдеше дека знаењето е сила, знаењето е моќ, можам само да констатирам дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ сака нејзината администрација да биде немоќна, затоа што само немоќна администрација ќе работи по партискиот диктат кој што е привиот и единствениот услов за да луѓето работат во администрацијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Владата сака администрација која нема да има нови знаења, Владата сака администрација која нема да сака да се надоградува.

Ова е, само да потсетам прв пат Буџетот на Република Македонија од 2003 година наваму да нема пари кои што се наменети за постдипломски европски студии за младите луѓе во Македонија кои што сакаат да работат или во моментот работат во државната администрација.

И навистина се чудам што Владата која што тврдеше дека овој проект е позитивен, Владата која што тврдеше дека дава подршка на младите кадри кои се образувани на престижни европски институции одеднаш, преку ноќ без никаква аргументација, дури и без дебата во јавноста одлучува да ја пресече успешната програма која со години се спроведува. Значи, од 2003 до денеска претпоставувам дека постдипломски еворпски студии во областа на правото, на економијата и различни сфери поминаа многу млади луѓе, денеска со одлука на Владата на ВМРО-ДПМНЕ тоа веќе нема да биде можно. Очигледно е дека Владата е коегзистентна. Таа влада што не сака во Европската унија ни предлага Буџет кој што нема да има ниту денар за овие проекти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека претресот по амандманаот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Тука ја прекинувам седницата и прекинуваме со работа до 16,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,33 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,08 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за амандманот гласаа 6, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 04009 за додавање нова Програма К, нова потпрограма К2 категории стоки и услуги ставка 425 по Програма 2 по Потпрограма 20 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска и Весна Бендевска, под архивски број 07-4988/313.

Отворм претрес по амандманот на раздел 10001 Програма 3, Потпрограма 32 за додавање нова категорија 48 и ставка 482 по ставката 464, раздел 09002 програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекериснка Јанковска и Весна Бендевска, под архивски број 07-4988/311.

Процедурално има господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал да протестирам и укажам до вас на несериозниот однос од страна на владеачкото мнозинство по однос на обезбедувањето присуство на пратениците во Собранието кога се дебатира посебно за Буџетот. Јас знам дека можеби ги фатило колегите претпразнична атмосфера, меѓутоа ценам дека треба да покажеме една сериозност и достоинствен однос кон Собранието до колку сакаме и граѓаните да не почитуваат. Би апелирал во иднина посебно до вас пред да ја отворите седницата, да процените дали има кворум, аконема кворум подобро е и да

не ја почнувате. Вака давате грда слика. И би апелирал уште еданш до колегите, тие се одговорни за мнозинството. Обврска е на секој пратеник да присуствува на седниците, но, се знае кој ја доби довербата на граѓаните на изборите. И секој несериозен однос покажува голема штета и за Собранието,меѓутоа најмногу за владеачкото мнозинство.

**Трајко Вељаноски:** Јас апелирам до сите пратеници без оглед дали се во власт, или во опозиција да присуствуваат во работата при носењето на Буџетот.

Процедурално има господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека секоја парламентарна група има право да земе еден час пауза во текот на денот. И јас во една консултација и со претседателот на Парламентот и со координаторот на СДСМ имав договор, усмен договор, да не ја прекинеме работата на Парламентот, побарав парламентарната група на ДУИ за една партиска активност по можност да нема проблеми и по можност да не се интервенира за кворум. Затоа и не бевме присутни. Во оваа насока добив согласност од претседателот на Парламентот и од координаторот на СДСМ. Оваа забелешка мислам дека не е забелешка која држи. Да се разбереме од овој аспект, еден договор кој ќе го постигнеме треба да го почитуваме истиот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Продолжуваме понатаму.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот до колку сака да даде образложение, или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ќе ми дозволите многу кратко една дигресија. Проблемто со кворумот беше проблем на ВМРО-ДПМНЕ. Ние како пратеници од СДСМ сме тука и не сме само тука, иако реакциите ви се почитувани колеги нервозни.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓо Весна Бендевска три минути по амандманот.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Нервозна е реакцијата, доказ дека ние констуктивно му приоѓаме на овој Буџет е што повторно даваме амандмани на дополнителниот предлог буџет.

Значи, наш предлог е, почитувани колеги, се надеавм вие сте последната инстанца пред која можеме да го исправиме основниот проблем, основниот недостаток на дополнителниот Предлог буџет, а тоа значи нула денари за развој на енергетскиот сектор. Предлагаме со овој амандман 650 милиони денари да бидат одвоени за изградба на три фотоволтаични електрични централи, секоја со капацитет од по еден мегават. Така на тој начин ќе обезбедимене само сериозен Буџет. Почитувани коелги, парите на граѓаните на Република Македонија треба да бидат употребени за она што значи развој не само на енергетиката. Развојот на енергетиката тоа долго го дебатиравме и на амандманската расправа значи и претпоставка и можност за развој на економијата во Република Македонија и можност за отворање на нови работни места. Јас повторно жалам што господинот Славески повторно избега да одговори зошто во дополнителниот Предлог буџет, иако говореше во своето експозе дека има измени само кај буџетските корисници: Собрание, МАНУ и Државната изборна комисија. Тоа не е така. Дозволете, отворете го Предлог буџетот за да видите во билансот на расходи 50% зголемување во Програмата 46 субвензии за јавни претпријатија, 50% она што беше 640 милиони денари, сега е една милијарда денари. Јавни претпријатија нема ниту кај буџетскиот корисник Собрание, ниту кај МАНУ, ниту кај Државната изборна комисија. Јавните претпријатија ви требаа, почитувани претставници на Владата ја зголемивте, ја оптеретивте оваа ставка на товар на капиталните расходи. Единствена програма која се намалува ви се капитални расходи. Ама затоа повторно во очи на локални избори ја подржавте ставката што значи изградба на ГТЦ, споемници, музеи и што ли не, се она што значи расипничко трошење на средствата на граѓаните на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, за гласаа 7, воздржани нема, против 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 10001 програма 3, Потпрограма 32 за додавање нова категорија 48 и ставка 482 по ставката 464, раздел 09002 програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекериснка Јанковска и Весна Бендевска, под архивски број 07-4988/311.

Отворма претрес по амандманот на раздел 10001 Програма 3 потпрограма 32 за додавање нова категорија 48 и ставка 482 по ставката 464 раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставка 426 раздел 09002, Програма 2 потпрограма 20 ставка

461 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 48 ставка 483 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска и Весна Бендевска под архивски број 07-4988/314.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот минситер за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од 3 минути.

Го повикувам подносителот, односно еден од подносителите на амандманот до колку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Македонија и Прилеп влегоа во Гинис според бројот на подготвени сарми, им честитам на тие кои што го донесоа рекордот во Македонија. Ама мислам дека ненамерно Владата на нашата држава сака Македонија да биде неславен рекордер во неколку други работи. Еден од тие неславни рекорди кој што ќе го држи Македонија со Буџетот во 2009 година е дека тоа ќе биде единствен Буџет на држава сериозно загрозена од глобалната криза кој што е прво, најголем од сите претхдони буџети. И второ и најинтересно единствен бузет кој што ќе има нула денари за развој на енегетиката. Ние го слушавме минситерот кој денска е отсутен Славески кој се обидуваше од петни жили да не убеди дека тоа што ќе троши многу следната година, е добро. И за да најде аргументација за своето неразумно, нерационално, нелогично и неприфатливо трошење, тој со прст покажуваше кон другите држави и велеше вака: видете ги во Велика Британија, или во Франција, исто така влегуваат со поголем буџетски дефицит и влегуваат со зголемена јавна потрошувачка,односно и со поголем буџет. Погледнете ги другите држави кои што се трудат да го поттикнат трошењето, потрошувачката со тоа што го зголемуваат Буџетот. Ако сега Трајко Славески министерот за финансии е тука, тој би можел повторно да го одмолчи прашањето кое му го поставуваме два месеци. Прашањето е многу едноставно и гласи вака: ако Македонија се труди да ги научи лекциите од другите држави за својот Буџет 2009 година, зошто само тие лекции сака да ги научи коге е во прашање нејзиното трошење. Зоштоне го научи првото правило во создавање на буџет во кризна економска година кој што го применуваат и Америка и Франција и Германија и Велика Британија, а тоа правило се вели, повеќе пари да, ама повеќе пари само за инвестиции во реалниот сектор, повеќе пари за инвестиции во енергетика и повеќе пари за инвестиции во патишта и во инфраструктура. Македонскиот Буџет не задоволува ниту едно од тие барања. Три години го слушаме не само Груевски, најчесто е тоа Ставрески како не убедува дека ќе најдеме шанса да ја искористиме струјата коај ќе се создава во нашето соседство во нуклеарната електрана Белене. Три години зборуваат , зборуваат, зборуваат, еден денар до ден денешен не е издвоен за таа намена.

Соовој амандман сакавме да ги потсетиме дека одговорност на оваа Влада е и колку струја ќе имаме не само денеска, туку по 2, по 4, или по 6 години. Одговорот на Владата на ВМРО-ДПМНЕ е, струја нема да има.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманто го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за гласаа 8, воздртжани нема, против 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 10001 Програма 3 потпрограма 32 за додавање нова категорија 48 и ставка 482 по ставката 464 раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 426 раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 48 ставка 483 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковск аи Весна Бендевска под архивски број 07-4988/314.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15001 за додавање нова потпрограма 51 категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-4988/301.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од 3 минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Весна Бендевска до колку сака да даде образложение, или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ова е уште еден доказ и потврда дека во некои одредби Деловникот е нефункционален. Бидејки немам право да побарам процедурална забелешка, ќе ви ги скратев маките од долгото читање. Сакам да го повлечам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Слободно можете и сега да го повлечете амандмнот.

**Весна Бендевска:** Да вие не ќе моравте толку долго да читате.

Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Навикнат сум да читам.

Констатирам дека е повлечен амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15001 за додавање нова потпрограма 51 категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов, под архивски број 07-4988/306.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од 3 минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Марјанчо Николов до колку сака да даде образложение, или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека е повелечен амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15001 за додавање нова потпрограма 51 категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Менде Динески под архивски број 07-4988/308.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во траење од 3 минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Менде Динески до колку сака да даде образложение, или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господин Динески Менде, повелете.

**Менде Динески:** Благодарам претседателе.

Значи не се изненадив што претставникот на Владата или на Минстерството за финансии го одби овој амандмам, бидјеки ова не е прв пат да се одбие ваков амандман.

Со овој амандман се предлага да се обезбедат средства од Буџетот на Република Македонија, за припадниците на безбедносните сили и нивните семејства. Само на кратко, во неколку обиди во изминатиот период сакавме да им помогнеме на припадниците на безбедносните сили и нивните семејства, со тоа што побаравме пари од Буџетот на Република Македонија да се одвојат токму за оваа намена. Тоа прво го направивме кога беше прераспределбата на средствата со амандман, иако тогаш не беше сеуште на дневен ред ставен Предлог законот за бранителите. Тогаш го одбивте. Наредниот пат преку Законот на кој се потпишаа 30 илајди граѓани на Република Македонија кој беше доставен во Собранието на Република Македонија од страна на членовите на Достоинство, каде што на повеќе наврати се обидоа да побараат за своите припадници од Владата и од парламентарното мнозинство да се донесе овој закон. Сведоци бевме сите дека не се донесе овој закон иако се предлагаше голем број на безбедносите сили кои се опфатени како и социјалните права кои им се загарантирани на овие луѓе да можеме да го ставием во една законска рамка. Во делот на правата за кои ги бараме финансиските средства се, ослободување од користење на здравствени услуги, царински даночни олеснувања, станбено згрижување и т.н.

И тогаш не го прифативте законот, значи не влезе во постапка. Третиот пат беше кога беше општата расправа во однос на амандманите, исто така го поднесовме амандманот и ова е четврти пат како Владата на ВМРО ДПМНЕ го одбива овој амандман. Со ова јасно сакам да потенцирам дека им праќате порака на овие луѓе дека за нив финансиски средства во Буџетот на Република Македонија нема, дека барањата што ги имаа преточено во вид на законско решение, вклучително на кои се потпишаа и 30 илјади граѓани за вас ништо не значат, но ќе се обидам на крај да ги повикам пратениците бидејќи тие се последните кои даваат зелено светло на овие амандмани навистина да го поддржат амандманот, бидејќи се работи во интерес на граѓани на Република Македонија и членови и семејства на безбедносните сили. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласаа 75 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 9, воздржани нема, против 66.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 15001 за додавање на нова потпрограма 51 категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по Потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Менде Диневски, под архивски број 07-4988 /308.

Отварам претрес по амандманот на раздел 15001 за додавање нова Потпрограма 51, категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по Потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски, под архивски број 07-4988/309.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии , повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски**: Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Горан Сугарески доколку сака да даде образложение и да говори по амандманот да се пријави за збор.

Со оглед на тоа дека не е пријавен за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници. Од нив за гласа 3, воздржани нема, против 63.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 15001 за додавање нова Потпрограма 51, категорија 42 и ставка 425 по Програмата 5 и по Потпрограмата 50 и ставка 403 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Горан Сугарески, под архивски број 07-4988/309.

Отварем претрес по амандманот на раздел 15020 за додавање нова потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2 , Потпрограма 20 ставка 469 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 с тавка 483, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-4988/300.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Весна Бендевска доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Средствата што ги бараме со овој амандман се однесуваат на средствата за стечајните работници. Ако добро погледате, Владата се фали со постигнати резултати во 2008 година во разделот Министерство за труд и социјална политика, меѓу кои е наведено и тоа дека е донесен Законот за обезбедување материјална и социјална сигурност за лица со над 25 години стаж. Жалам што и на седница на Комсијата за труд и социјална политика, и тогаш, се надевам дека сега нема претставници од тоа министерство, не добивме колкав е бројот на корисници на овој надоместок, надоместок по основ на стечај. Инаку, во Буџетот се предвидени, како што ни соопшти министерот за труд и социјална политика, во разделот 15001, 430 милиони денари, од кои 100 милиони денари како активни мерки за борба против сиромаштијата и 330 милиони денари за стечајните работници. Вие знаете на кој начин владејачкото мнозинство прво одбегнуваше да го исплатат Законот за обесштетување на лицата по основ на стечај, а потоа предизборно господинот Груевски потпиша со нив дека ќе ги обесштетува. Жалам што 6000, приближната бројка на транзициони жртви од стечаите објавувани од 2000 до 2004 година е околу 6000 денари, па може многу лесно да пресметате почитувани колеги дека сумата предвидена во Буџетот за 2009 година од 330 милиони денари е недоволна за обесштетување на сите стечајци. И ден денес во сите канцеларии претпоставувам дека и вие како припадници на владејачкото мнозинство добивате поплаки од стечајци, кои иако го донесовте законот сеуште неможат да го остварат своето право на ваков надомест.

Затоа предлагаме измени во овој Буџет, она што значи сериозна социјална заштита на жртви од транзицијата на кои извршивте класична злоупотреба во предизборни цели, им ветивте надоместок, но сега многу јасно се гледа дека немате намера сите нив да ги ставите во подеднаква положба и да ги обесштетувате.

Затоа, уште еднаш да бидеме сериозни, ве молам дајте поддршка на овој амандман, 6000-илјадните граѓани кои го очекуваат овој надоместок да им обезбедиме и реални средства во Буџетот за 2009 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника. Од нив за амандманот гласаа 8, воздржани нема, против гласаа 64 пратеници.

Констатирам дека  Собранието не го усвои амандманот на  раздел 15020 за додавање  нова потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потпрограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2 , Потпрограма 20 ставка 469 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-4988/300.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потпрограмата 47 и ставка 483  раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма, Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова, под архивски број 07-4988/302.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски :** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Цветанка Иванова доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Со оглед на тоа дека не е пријавена за збор констатирам дека прет ресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање

Ве повкувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника. Од нив за амандманот гласаа 6 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 66 пратеници.

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потпрограмата 47 и ставка 483 раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 Програма, Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова, под архивски број 07-4988/302.

Отварам претрес по амандманот на раздел 15020 за додавање нова потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потпрограмата 47 и ставка 483 и на раздел 09002  Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратеникот Миле Андонов, под архивски број 07-4988/303.

Го молам преставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:**  Благодарам претседателе.

Не се прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа

Врз основа на член 156 став 7 само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во времетраење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот  Миле Андонов доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Со оглед на тоа дека не е пријавен за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 15020 за додавање нова потпрограма 48, категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потпрограмата 47 и ставка 483 и на раздел 09002  Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратеникот Миле Андонов, под архивски број 07-4988/303.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15020 за додавање нова потпрограма 48 категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 и по Потрпограмата 47 и ставка 483, раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002, Програма 2 , Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов под архивски број 07-4988/304.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение или да говори по амандманот во времетраење од три минути.

Го повкувам подносителот на амандманот пратеникот Марјанчо Николовски ако сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува на тоа во Буџетот на Република Македонија за 2009 година да се обезбедат дополнителни средства кои ќе бидат наменети за исплата на надомест на стечајните работници или работниците со над 25 години работен стаж кои во моментот и покрај најавата од страна на Владата пред изборите дека сите тие со над 25 години стаж ќе бидат опфатени со овој Закон сеуште немаат добиено позитивно решение по основ на овој Закон и се во исчекување дали тоа ќе се случи. Со министерот за финансии и на Комисијата за финансирање и буџет се судривме по ова прашање. Тој и тогаш не даде одговор колку уште од предвидените 6000 стечајни работници по основ на овој закон што требаШе да добијат надоместок од Агенцијата за вработување ќе добијат, бидејќи според последната информација односно фискалната стратегија на Владата стои дека до сега само 1770 работници го оствариле ова право.

Ја користам и оваа прилика господине министер да ве запрашам дали имате предвид на овие луѓе кои по основ на овој Закон треба да го остварат правото и на кои им ветувавте пред изборите, иако претходно бевте најмногу против да се донесе Закон за стечајни работници, ќе им го решите прашањето.

Во мојот град во Велес веќе се собраа стечајните работници од Порцеланка, бараат одговор дали ќе се решат позитивно нивните решенија**.**Тука се вработените од Лозар, од Интернационал , од Ветекс и т.н. Навистина не е во ред со еден закон двапати да очекувате да ги лажете граѓаните, еднаш за парламентарните избори , еднаш сега за локалните и претседателските избори . Ако веќе сте обезбедиле средства за 6000 луѓе дајте барем таа бројка исполнете ја иако нашата заложба како СДСМ беше да се врати старото решение. Отворено ве прашувам дали оние кои што немаат добиено или имаат негативно решение ќе им се реши позитивно конкретно за вработените во Порцеланка и колеги пратеници апелирам до вас да го поддржите амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72, од нив за гласаа 8, воздржани нема, против 63 пратеници. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потрпограмата 47 и ставка 483, раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 461 и на раздел 09002 , Програма 2, Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Марјанчо Николов под архивски број 07-4988/304.

Отварам претрес по амандманот на раздел 15020 за додавање нова Потпрограма48 категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483 на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 поднесен од претеникот Марјанчо Николов под архивски број 07-4988/305.

Го молам преставникот на владата да се произнесе . Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во втреметраење од три минути.

Го повикувам пондосителот на амандманот пратеникот Марјанчо Николов доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот да се пријави за збор.

Има збор господинот Николов Марјанчо. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се предлага во Буџетот да се обезбедат средства кои што ќе бидат наменети за подмирување на трошоците за електрична енергија на социјално загрозените семејства и тоа е еден проект кој што СДСМ упорно се обидува да помине во Собранието на Република Македонија но за жал владејачкото мнозинство упрно го одбива. Цениме дека предлогот за социјално загрозените семејства во кои влегуваат не само оние кои што се корисници на социјална помош да се обезбедуваат од 700 до 1000 денари со цел да можат да ги платат своите сметки за струја, е во интерес на Република Македонија, во интерес на социјално загрозените граѓани, во интерес на социјалната стабилност на државата. Сведоци сме, посебно последниве месеци што се се случува на тој план во Република Македонија, имаме протести на граѓаните, имаме незадоволство на граѓаните, а тоа што се исклучени од електричната мрежа бидејќи не можат да ги платат сметките за електрична енергија, а не можат да ги платат не затоа што не сакаат, туку затоа што немаат пари.

Ако веќе Република Македонија во Уставот се декларира како социјална држава, која нуди социјална сигурност и правда на своите граѓани. Еден ваков закон со кој што ќе се обезбедат средства за плаќање на сметките за електрична енергија е неопходен. Ние прашавме, сега за жал не знам зошто по новиот Деловник не може

министерот да одговори доколку го прашаме дали Владата има ваков проект во план да донесе. Сеуште немаме одговор. Мислиме дека ќе биде добро доколку колегите пратеници прифатат во буџетот да влезат средства за оваа намена, а потоа Владата доколку мисли да предложи ваков закон, средствата веќе да бидат обезбедени. Во спротивно се повеќе ќе се соочуваме со незадоволство на граѓаните, со исклучување на се повеќе семејства од електричната енергија и Владата, замислете наместо да понуди решение, предложи закон преку извршители да им се наплатуваат неплатените средства. Поради реакцијата сега веројатно ќе се повлече, но до после изборите, што значи дека проблемот не се решава, туку само се одложува. Затоа, барам поддршка од колегите пратеници за амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, по новиот Деловник како што вие и самите кажавте, после секој амандман го читам членот 156 став 7 кој што кажува кој има право да го образложува амандманот и има право да зборува.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, од нив за амандманот гласаа 9, воздржани нема, против 63.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 Категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 461 поднесен од пратеникот Марјанчо Николов под архивски број 07-4988/305.

Отворам претрес по амандманот Раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 Категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Менде Диневски под архивски број 07-4988/307.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Во образложението на овој амандман стои дека се бараат да се обезбедат средства од буџетот на Република Македонија за згрижување и социјално обезбедување на работниците со над 25 години работен стаж. Голем број на работници со над 25 години работен стаж веќе работат во Република Македонија и нејасно е како се бара да се обезбедат средства за социјално згрижување. Тие примаат плата. Ако се мисли најверојатно на невработени лица со над 25 години работен стаж, Владата на Република Македонија предложи, Парламентот летоска усвои закон и сите лица кои ги исполнуваат законските услови според тој закон се згрижени. останува уште еден мал број на претпријатија каде што се бараат податоци од судовите да се утврди дали постои доминантна сопственост на државата или претпријатијата биле со доминантна приватна сопственост и да се дополнат оние 1700 лица кои што ги спомна претходниот дискутант. Оттука, овој амандман не се прифаќа, затоа што средствата се веќе обезбедени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во време траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Менде Диневски доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот, да се пријави за збор.

Има збор господин Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко, се работи за техничка грешка, се работи за стечајците. Бидејќи колегата Марјанчо Николов имаше кој што се однесуваше токму на овие граѓани на Република Македонија и бидејќи парламентарното мнозинство не го прифати и не е точно тоа што го тврдите дека се обезбедени средства во буџетот на Република Македонија, вие имате обезбедено средства или согласно законот се опфатени само 1870 луѓе, но бидејќи како што кажав пред малку колегата Марјанчо истиот амандман го имаше, јас го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот Раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 Категорија 47 и на ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Горан Сугарески под архивски број 07-4988/310.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во време траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Горан Сугарески доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот, да се пријави за збор.

Со оглед на тоа дека не е пријавен за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за амандманот гласаа 6, воздржани 2, против 60.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 Категорија 47 и ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Горан Сугарески под архивски број 07-4988/310.

Отворам претрес по амандманот Раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 48 Категорија 47 и на ставка 471 во Програмата 4 по Потпрограмата 47 и ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 461, поднесен од пратеникот Радмила Шекеринска под архивски број 07-4988/320.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во време траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Радмила Шекеринска доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот, да се пријави за збор.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Со овој амандман сакав да се обезбедат во буџетот средства за покривање на сметките за електрична енергија од страна на 50 илјади социјално загрозени семејства. Значи, тоа се сите оние семејства кои што во изминативе два месеци живеат со страв дека некој ден ќе дојдат екипите на дистрибуција и екипите на ЕВН и ќе ни го прекинат приклучокот за струја, заради тоа што немаат средства, немаат доволно пари за да ги платат своите сметки и тоа е ситуација која веќе трае подолго време. Тоа е причина за социјалните нереди кои што се случија и во Кочани и во Шуто Оризари и кои што претпоставувам дека ќе продолжат да се случуваат и во иднина. Во ова Собрание минимум 10 пати кажано дека ваквиот предлог не е хир, ниту импровизација, дека ваквиот предлго е резултат на обврски кои Македонија ги превзела уште пред неколку години. Во секоја европска држава пред либерализација на енергетскиот пазар се случувала паралелно со нив пред да почне да функционира либерализираниот пазар, се случувало носење на закон со кој што во принцип власта, Владата ќе им овозможи плаќање на сметките за електрична енергија на сите оние кои што не можат тоа да си го дозволат. Во услови на светска економска криза, која власта ја признава само тогаш кога и одговара, значењето на еден ваков закон станува уште поголемо. Бројот на семејства кои нема да можат да си дозволат струја и платени сметки ќе се зголемува. Власта со неприфаќање на законот за енергетска сиромаштија, со неприфаќање на серијата вакви амандмани всушност им пресудува на овие семејства и им тврди дека најдобро е во 2009 година тие да живеат во мрак. Само да споменам дека овој амандман и овој закон кој беше два пати предложен во Собранието на Република Македонија не се усвојува дури и во услови какви што ги имаме во последниве два месеци кога во Република Македонија се увезува струја која што чини просечно 80 евра по киловат час, а притоа не се вклучува наш домашен производен објект ТЕЦ Неготино кој што во услови на вака ниска цена на бензините, на нафтата, би можел да произведува струја за 50 евра. Направете ја математиката во чии џеб одат овие пари и за колку пари станува збор. Значи од една страна државата увезува скапа струја иако може во моментов поевтино да ја произведе а од друга страна не им дава шанса на сиромашните и понатаму да имаат снабдување со електрична енергија. Бидејќи министерот и парламентарното мнозинство го кажаа своето и по амандманот на пратеничката група на СДСМ јас го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 48 ставка 483, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска и Весна Бендевска под архивски број 07-4988/312.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во време траење од три минути.

Го повикувам еден од подносителите на амандманот доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот, да се пријави за збор.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува на обезбедување средства во буџетот на Република Македонија во вредност од 120 милиони денари за инсталирање на геотермални пумпи во 20 основни училишта кои што во овој момент користат дрва или нафта за греење. Овој амандман е дел од оние амандмани кои што требаше уште еднаш да опоменат дека во овој момент Македонија кубури или воопшто нема план што ќе се случува со енергетиката во следниот период без разлика дали тоа се однесува на извори на електрична енергија што ги имаме или пак се однесува на обновливи извори на енергија. За жал со ваквата неодговорна политика долгорочно ќе се наруши енергетската ефикасност, енергетската стабилност во Македонија на сметка на богатењето на 3-4 луѓе кои што ги увезуваат електричната енергија или струја во Република Македонија. И според енергетскиот биланс на Владата на Република Македонија што го усвои 53,6% обезбедувањето на струјата да поедноставам доаѓа од домашни извори а 46,4% ја увезува. Мислам дека кога ќе дојдете на ситуација 50-50%, јасна е работата зошто нема никакви инвестиции во енергетскиот сектор и зошто не се прави ни најмалку обид да го следиме чекорот на земјите членки или земјите кандидати за членство во Европската унија, но како тргнала работата ќе останеме во таа фаза. Македонија има обврска и да прави проекти и да проектира и да имплементира проекти со обновливи извори на енергија. Овој проект ќе ја зголеми енергетската ефикасност, ќе обезбеди поголема заштита на животната средина и топлата вода ќе може да се користи со што значително ќе се намалат трошоците за загревање во училиштето. Ние сеуште имаме училишта во кои што на сред училница во кои што учат 3-4 одделенија има во исто време има некоја печка од 30-тите или 20-тите години на минатиот век. Мислам дека ова е доказ дека приоритетите на Владата се само во реклами, само во сликање, во нереални работи, а не во интерес на граѓаните, во овој случај во интерес на децата во основните училишта. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, за амандманот гласаа 8, воздржани нема, против 62.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 48 ставка 483, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Радмила Шекеринска Јанковска и Весна Бендевска под архивски број 07-4988/312.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18001 за додавање нова Потпрограма К-3 категорија 42, ставка 425 по Потпрограмата К и по Потпрограмата К-2 ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Флора Кадриу под архивски број 07-4988/298.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Врз основа на член 156 став 7 од Деловникот само подносителот на амандманот може да даде образложение и да говори по амандманот во време траење од три минути.

Го повикувам подносителот на амандманот пратеникот Флора Кадриу, доколку сака да даде образложение или да говори по амандманот, да се пријави за збор.

Со оглед на тоа дека не е пријавена за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за амандманот гласаше 1, воздржани нема, против 59.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 18001 за додавање нова Потпрограма К-3 категорија 42, ставка 425 по Потпрограмата К и по Потпрограмата К-2 ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Флора Кадриу под архивски број 07-4988/298.

Пред да преминеме на гласање, предлагам за Предлогот на буџетот да гласаме во целина, освен за Програмата ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија, од Разделот наменет за Државниот завод за ревизија Раздел 02002, наменет за Државниот завод за ревизија и Раздел 31101, наменет за Народниот правобранител, за кои согласно Законот за државна ревизија и Законот за Народниот правобранител, Собранието гласа посебно.

Предлгот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Минуваме на гласање.

Програмата ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија од Разделот за Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Програмата ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија од Разделот за Државниот завод за ревизија е усвоен.

Разделот 02002 наменет за Државноит завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Разделот 02002 наменет за Државноит завод за ревизија е усвоен.

Разделот 31101, наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

**Трајко Вељаноски:** Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник. Сите 71 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека разделот 3101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на буџетот за 2009 година вкупно гласаа 73 пратеници. Од нив за гласаа 64 пратеника, од гласањето никој не се воздржа и против 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

**Минуваме на точката 5. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост по скратена постапка, дополнет предлог, второ и трето читање.**

Дополнителниот предлог на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат дас го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во името на пратеничката група на ЛДП НА пријавен е господинот Манасијевски Јован.

Во името на пратеничката група на СДСМ господинот Ќуркчиев Никола, во името на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ госпоѓата Димевска Катерина и во името на пратеничката група на ДУИ гоисподинот Јашари Аднан.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Денеска на дневен ред имаме еден извонредно значаен закон,Извонредно значаен за граѓаните, за нивните секојдневни маки и напори да ги поминат овие тешки времиња, да остават нешто зад себе, за своето потомство.

За жал Законот ни се дава во една скратена процедура, што за жал стана манир на правото и на Владата и на Собранието, иако и самиот министер во експозето на Комисијата ни укажа дека на Законот внимателно е работено неколку месеци, така што тоа е дополнителен аргумент доколку овој закон во подготвителната фаза одземал повеќе месеци и повеќе консултации, и во Собранието е потребно да се остави нешто поеќе од овие три работни дена, кои што му беа оставени на Парламентот.

Пред се, Законот има неколку добри измени, добри работи и се разбира има една крупна негативна работа, што според мое мислење во голема мера ќе ја загрози основната цел која што е наведена за донесување на овој закон.

Имено, накратко дозволете ми да ги пофалам добрите работи што се во овој закон.

Прво, се работи за пролонгирање на рокот за две години. Тоа е добро за граѓаните, меѓутоа укажува на фактот дека пролонгирањето на рокот всушност е резултат на многу комплицираните процедури и папирологии пред кои се исправени граѓаните за да го остварат ова право. Така што добро е што се одложува, меѓутоа, тоа одложување треба да не мотивира во согласност со владината политика на регулаторна гилотина да направиме дополнителни напори да ги упростиме овие процедури, затоа што постојат повеќе статистики. Ниту една не говори дека ова право за жал може да се оствари во некој разумен рок. Разумен рок би бил од неколку месеци, туку напротив потребен е проссечен период, тука говорам за целата процедура, не само за финалната процедура во Министерството за финансии, туку и сите потребни документи за да се дојде до тој шалтер. Значи, потребно е некаде година до година ипол просечно еден ревносен граѓанин запазувајќи ги сите рокови да дојде до соодветно решение.

Втора, добра работа е што се врши либерализација на остварувањето на ова право т.е. се ослободуваат од плаќање на надомест дополнителни две категории на субјекти. Тоа е добро и тоа треба да се поздрави.

Мерѓутоа, она што е суштинско и каде што за жал Владата со овие измени не направила напор, меѓутоа, можеби ќе не изненади, можеби ќе направи дополнителен напор со соодветната уредба е интервенција во клучното прашање и по клучната пречка за досегашното остварување на ова законско право на граѓаните. Тоа е прашањето на цената.

Не само сега, туку и порано законодавецот откако е донесен прввиот закон 2005 година се определил цената, прашањето на висината на надоместокот, начинот и постапката да ги уреди со подзаконски акт. Се разбира, тоа има своја логика, меѓутоа тоа е направено без никакви рамки и без никакви

ограничувања од страна на парламентот. Тука мислам дека има голем проблем и мислам дека овој парламент треба од две причини да интервенира.

Прво, принципиелно според мое мислење и на мојата пратеничка група е недоспустиво без никакви лимити да и се дава правото на Владата со уредба да ја уредува висината на надоместокот.

Оттаму сметам дека е многу целисходно, исправно и во согласност со нашиот политички систем, законодавецот да дефинира рамка, било да е горна, најдобро да е горна, било да е долна, може и двете, во рамки на кои што со уредбата Владата може да се движи во пропишувањето на цените. Сега, тоа потполно отсуствува и Владата има целосна слобода да ја определи висината на надоместокот.

Дека и Владата лута во ова свое право кое што го има најдобро говори фактот што само за неколку месеци имавме огромни промени на цените уредени со уредбата.

Некаде пред една година Владата дупло ги зголеми цените на ова земјиште кое што е предмет на приватизација, за потоа кога ги виде реакциите, по неколку месеци да се врати на почетните цени.

Ниту во првиот случај беше образложено врз основа на кои параметри Владата се определила за такво радикално подигање на цената, ниту пак по вториот случај беше образложено зошто Владата се враќа на првобитната цена. Тоа всушност укажува дека ваквиот волонтаризам што парламентот и го дава на Владата лошо влијае на Владата и ја прави неодговорна. Оттаму ние мора да ги дефинираме нормативните рамки во кои што подоцна Владата ќе се грижи преку уредбата. Тоа е едно принципиелно прашање.

Она што е побитно, што е најбитно за секој граѓанин е што овие цени за жал се сеуште многу високи и овие цени, кога говориме особено за објекти за индивидуално оддомување и ако ја видиме статистиката најголем број на оние кои што се погодени од овие цени се луѓето кои што едвај имаат скрпено некој денар да изградат куќа, најголем дел од нив се во приградските населби во Скопје, значи она што е класично работништво и социјала и кој што со овие одредби, со овие цени нема да може никогаш за жал да го приватизира своето дворно земјиште, туку според одредбите на Законот тие треба да бидат до век кирајџии кај државата за земјиште што веќе еднаш го платиле. Тоа е всушност големиот апсурд на овој закон, меѓутоа тоа не е фалинка од сега, туку е фалинка од неговото донесување.

Имено, најпринципиелното, најдоброто решение што требаше да се примени со овој закон секако ќе беше по автоматизам корисничкото право да се трансформира во сопственичко право. Бидејќи тоа не е направено уште со првото донесување на овој закон, а и подоцна со измените на овој закон сега сметам дека треба клучно да влијаеме на Владата да ги намали цените во уредбите и ние од ЛДП излеговме со еден предлог каде што цените се предлага да се намалат од 50 до 80% во однос на сегашните цени.

Што тоа конкретно значи? Земете на примере една приградска населба во Скопје, Бутел или Драчево, или која било друга сакате за еден двор просечен од 400 до 500 метри квадратни близу 3000 евра се потребни сопственикот да си го купи и апсурдот да биде поголем наеднаш платена цена.

Ако целта на аконот е да се забрза процедурата, да се реши статусно правото на сопственост тогаш треба Владата да оди надолу со овие цени и треба да им даде право на овие луѓе по реални цени да ги откупат овие дворни места. Вака испаѓа дека е потребно цела година да работите, 12 просечни плати, за да си го откупите дворното место што веќе еднаш сте го платиле на тој од кого сте го купиле.

Сега, Владата пак се појавува во улога на собирач на дополнителни приходи, јас сфаќам дека е тешка година, ама таа ќе биде најтешка за граѓаните, полесна ќе биде за граѓаните. Мислам дека не е фер господине министре, почиотувани колеги пратеници да се оди со постоечките цени.

За жал во Комисијата амандманот на ЛДП не беше прифатен, меѓутоа, останува дискусијата што ја имавме да го мотивира Министерството за финансии да пристапи кон промени.

Исто така, господиен министре, во уредбата покрај намалување на цената треба да интервенирате и во начинот на плаќање. Сега, се привилегирани побогатите луѓе. Ако треба да платите повеќе од 3000 евра вас државата ви дозволува да плаќате на рати на 10 години, а ако сте сиромашен, а најголем дел влегуваат во таа категорија што треба да откупат дворови до 3000 евра таму мора да платите одеднаш. Значи, таму не постои можност на рати, така што има повеќе места во уредбата каде што може да се интервенира. Опозицијата ви стои на располагање и јас се надевам дека ќе покажете доблест да се консултирате со пратениците од опозицијата и овој закон кон што има добри работи да го следи финално една промена на уредбата каде што со намалување на цената ќе се направат големи бенефити за сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен министерот за финансии.

Повелете господине Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас навистина му благодарам на господинот Манасијевски, претседател на Комисијата за финансирање и буџет, која што на овој Предлог за изменување на законот за приватизација и закуп

на градежно земјиште му посвети нужно внимание и имаше плодна дискусија.

Всушност она што го спомна како добри страни на законот господинот Манасијевски беше потцртано и таму.

Во вториот дел од дискусијата господинот Манасијевски отиде на нешто што е надвор од законот односно определување на цените на градежното земјиште што е регулирано со посебен подзаконски акт односно уредба.

Мислам дека треба за јавноста и за пратениците што се присутни да кажеме дека господинот Манасијевски сега, откако во 2005 година е донесен оригиналниот закон кој што беше подложен на измени, господинот Мајасијевски кој што во тоа време најверојатно партиципирал во власта имал можност да дискутира за тогаш стратешкиот пристап, за што господинот Манасијевски сега предлага драстично свртување во пристапот. Имено, ослободување од секаков надомест за трансферот на корисничкото во сопственичко право.

Имено Република Македонија, колку што мене ми е познато во ниту еден случај при приватизација на државен имот не се има определено за таков пристап, дури мислам дека преседанот беше направен на почетокот на приватизацијата на општествениот капитал каде што имаше и поинакви предлози, но безплатно отстапување на државен имот беше направено во некои селективни случаи за луѓе блиски до власта, чии што последици ги чувствуваме и сега.

Значи, станува збор за релативно достапни износи кои што обезбедуваат и можност на граѓаните да го приватизираат земјиштето, а исто така обезбедуваат и некоја социјална правда, затоа што секој од граѓаните се споредуваат со оние кои што на некој начин или се соседи или сограѓани, го платиле претходно во некоја друга постапка земјиштето.

Овде сакам да демантираме една работа, нема случај некој два пати да плаќа за земјиштето. Имено, оној што платил и бил поранешен сопственик, на кој што му е национализирано во поранешната СФРЈ и според постојното законско решение можеше да изврши трансформација. Тоа голем број го направија без надомест.

Сега, како што многу добро забележал господинот Манасијевски, се проширува, се легалилзира кругот на корисници на земјиштето кои што без надомест ќе го приватизираат земјиштето, корисници кои што го купиле од поранешниот сопственик, се наследници на лица кои што склучиле договори за доживотна издршка итн. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Манасијевски, поелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

И сега како што говорев господинот Славевски и тогаш како член на Владата истото мислење го имав. Законот не е 2003, туку 2005 година е донесен, а првата уредба е донесена 2003 година. Меѓутоа, суштината на политиката, ние ги претставуваме граѓаните е ако видиме дека правиме грешка а се корегираме.

Цените се огромни господине министре, влегуваме во година на криза каде што има отпуштања, каде што ќе има намалувања на приходи по сите основи. Основен фактор покрај процедуралните кои што беа секундарен фактор, основен проблем е висината на цената. Значи, за целото ова наше работништво кое што ја има населено периферијата на Скопје треба да плати по 3000 евра за да си го купи она што веќе еднаш го платило на тој од кој што ја купило земјата. Тоа не е фер и затоа треба Владата да размисли да ги намали цените. Тоа е нашиот напор а вие проценте понатаму.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам господине Манасијевски.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, поелете.

**Никола Ќуркчие:** Блогодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван минситер,

СДСМ ќе даде поддршка за носење на овој закон. Се разбира дека цениме дека добар дел на грешките кои што биле пропусти, кои што ги имаше овој закон во изминатиот период, кои што беа убивени на некој начин се санираат, меѓутоа се разбира дека има некои работи кои што можеа и сметам дека дури дел мора да бидат поинакви од онака како што се дефинирани, и како што се предложени од страна на прдлагачот.

Почитувани колеги ценам дека за да не се повторувам, бидејќи времето ни е ограничено, дури и при носење на овој закон, знаете дека Деловникот не ни дозволува многу ние ниту да зборуваме овде на пленарните седници, ниту пак на комисиите да нудиме амандмани. Не знаев дека само до 10 часот можеме да предлагаме амандмани, но како и да е ценам за потребно да нагласам некои пропусти кои што се соддржани во Законот.

Се согласувам со дискусијата на господинот Манасијевски, кој што зборуваше за намалениот интерес на граѓаните во Република Македонија за приватизација на земјиштето. И јас тврдам дека не е тоа само глобалната економска криза, туку пред се се високите цени за надоместок, а од друга страна знаеме дека распределбата на средства од приватизација на ова градежно земјиште 100% оди во Владата на Република Македонија, а ниту еден посто не се дава на општините, а од друга страна сите, дури и предлагачот констатирал дека немањето доволно средства од страна на општините ќе ја забави реализацијата на овој закон.

Почитувани колеги јас особено внимание би обрнал на новопредложениот член 6-а, во кој што

се зборува за етажната сопственост кој што не е предмет на приватизација.

Мислам дека тоа е еден пропуст, една грешка која што ќе мораат граѓаните да се соочуваат со неа и да ја плаќаат во иднина. Зошто, заради тоа што многу лесно е со еден пример да се каже доколку сопственици на една зграда во Република Македонија, да речеме се тројца браќа. Што ако има согласност од сите нив дека може да се приватизира земјиштето. Тоа не е дозволено. Тоа е првата работа. Друго е ако зборуваме за трговски центри итн., каде што се разбира има поголем број на сопственици и дека ситуацијата се усложнува. Значи, предлагачот не смеел да дозволи да се направи една голема група на објекти, како што се зградите во Република Македонија, воопшто да не се приватизираат. Се разбира дека тоа прави голема забуна кај сите оние кои што имаа можност да го прочитаат овој закон.

Како што ги поздравив исправените грешки, или оправданото носење на еден ваков закон, сакам да кажам две стручни грешки кои што во иднина и да бидат забележани, се разбира, кои што во иднина сериозно ќе влијаат во имплементацијата на овој закон. Тие се во делот на членот 14 од постојниот закон, или сега член 7 и тоа ставот број 1 кој што гласи: градежното земјиште може да се приватизира во целост, или во дел. Извинете, меѓутоа јас ова не можам да го разберам. Меѓутоа, сите ние знаеме дека ова е материја која што е директно поврзана со Законот за градежно земјиште, ако сите знаеме, дури и предлагачот дека основна единица во Законот за градежно земјиште е градежната парцела, многу лесно ќе дојдеме до заклучок дека формулацијата не чини и дека треба да се избрише.

Зошто, заради тоа што ниту ние овде во Парламентот, ниту предлагачот ниту граѓаните не може да зборуваме за приватизација на градежно земјиште вон градежна парцела. Значи, ако сакаме да зборуваме за приватизација на градежно земјиште тоа мора да е целина, а не само дел. И тоа мора да се почитува.

Доколку се случи да нешто се приватизира, тоа значи дека пред се се кршат условите, се нарушуваат условите под кои е формирано градежното земјиште и затоа уште еднаш повторувам дека мора да се приватизира во целост и во рамки на градежната парцела.

Зошто? Заради тоа што уште еден услов е, дефинирањето на градежната парцела е можно само со Детален урбанистички план.

Во истиот член во став 7, исто така ценам дека мора да биде избришан и предлагам да предлагачот уште еднаш го погледа и ни даде можност да тој сам предложи да овој став биде избришан, дека градежното земјиште на кое постои право на користење, а не може да се приватизира, заради тоа што влегува во друга градежна парцела, може да се даде во долготраен закуп до реализација на Детален урбанистички план, урбанистички план за село ио урбанистички план вон населено место.

Почитувани колеги,

Сите оние кои ја следат оваа материја, не треба да објаснувам, ќе им стане јасно за што станува збор и дека овој став мора да биде избришан.

Тврдам дека ќе има сериозни различни толкувања од експерти во Република Македонија, доколку остане ставот ваков каков што е, заради тоа што, пак да повторам кон предлагачите на овој закон, градежната парцела е основна единка. Тоа значи мора да се направи разлика помеѓу катастарска парцела и помеѓу градежна парцела. Може катастарска парцела да влезе во градежна парцела, но тоа не може да биде обратно.

Ако не може да се приватизира, велите дека ќе се даде под закуп, долготраен закуп. На кого? На оној кој ја поседува градежната парцела и оној кој ја има катастарската парцела? Ве молам, најдобронамерно го кажувам ова. Стенографски ќе биде забележано. Тврдам дека вашите подрачни единици ќе имаат различно толкување на овој член доколку остане вака. Затоа ценам дека ставот 7 мора да биде избришан или да се повлече од веќе спомнатите причини, затоа што навидум, во овој момент тоа изгледа дека е многу блиску и неважно, меѓутоа ќе ја укочи имплементацијата на овој закон.

Ако со законот до сега се поправаа дел од грешките што беа увидени во овој изминат период, почитувани колеги, ценам дека и целата стручна и експертска јавност во Република Македонија, а и ние, доколку имавме можност по комисиите ќе кажевме дека ова предложено решение во овој член, особено ставот 7 ќе ја закочи имплементацијата на овој закон.

Се надевам дека граѓаните, колку ќе бидат радосни дека се пролонгира рокот, како и многу нешта други, меѓутоа сега зборуваме за Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште за наредните две години, се надевам дека предлагачот ќе најде можност овој став од членот 14 да биде избришан. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Има реплика министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Навистина се гледа дека господинот Ќуркчиев добро ги познава прашањата околу земјишната политика. Тоа е сложена материја, можеби не целосно. Но, во она што го изнесе имав можност да се уверам дека употребува некој пример од практиката. Но, за три работи јас на кратко ќе коментирам.

Двете забелешки што се однесуваат на членот 7, ставот 1 и 7, што го менува членот 14 од постојниот Закон, се всушност старите решенија. Членот 7, ставот 1 градежното земјиште може да се приватизира во целост или во дел. Тука ништо

не се менува. Законот од 2005 година е. До сега немало никакви пречки во практиката. Оставањето на ова законско решение не значи дека и понатаму можеме да го закочиме процесот.

Истото се однесува и на ствот 7. Практиката ќе продолжи. Ако во иднина имаме некои проблеми, најверојатно ќе реагираме соодветно. Но, уште еднаш упатуван на фактот дека е ова старото решение, ние не сме го промениле, само имаме едно мало усогласување што не завлегува во суштината на решението. Од таму велам, нешто што функционирало неколку години не може сега да се поистоветува со овие измени.

Г-дине Ќуркчиев, да ве уверам вас и граѓаните кои ги застапувате и оние кои не следат, се интересираат за етажната сопственост. За индивидуалните станбени згради, што имаат повеќе катови, а се на приватно земјиште, се на приватно земјиште. Оние што се на државно земјиште, доколку се утврдени идеалните делови, како примерот што вие го кажавте може да си го приватизираат земјиштето. Не постојат пречки, законот го дозволува тоа.

Имено, законското решение што во практиката не можеше да се реализира се однесува на колективните станбени згради за живеење. Тоа го објаснив на Комисијата, не сакам сега да се повторувам. Во светот има различни искуства. Станува збор за релативно сложена проблематика што граѓаните немаат кој знае каква корист. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има г-динот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван министер, навистина благодарам за вниманието со кое ја следевте мојата дискусија. Јас укажав на три елементи кои ценам дека би можеле да го закочат имплементирањето на овој и те каков важен закон особено заради тоа ова е една сложена материја со која ние и во изминатиот период не толку многу да речеме се бавевме и ценев дека предлагачите на Законот ја гледаа или ја анализираа оваа материја само од економски аспект, а не од аспект на урбанизмот и градежништвото.

За членот 6 за етажните објекти, ми се чини дека предлагате да се направи една група објекти која е многу голема и која не е дефинирана и ќе дозволи или ќе направи да се применува и да имаме различно толкување за тоа.

Ги спомнав само трговските центри во Република Македонија од една страна. Од друга страна знаете како е,..

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, ви измина времето, се извинувам.

Има реплика г-ѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, почитуван колега Ќуркчиев.

Ова што го кажавте вашите забелешки кои се навистина многу суштински упатува на тоа уште еднаш да обрнеме внимание зошто не треба законите да се носат по скратена постапка. Апсолутно се согласувам со вас и сметам дека ова што го кажавте оди во прилог за полесна имплементација односно за можна имплементација на законот да не биде уште на самиот почеток да не се наиде на тешкотии при реализација на одредени одредби, меѓутоа, за жал, парламентарното мнозинство односно Владата одлучуваат дека законите треба да се носат и понатаму по скратена постапка, па можеби за некој месец ќе имаме повторна измена на овој закон и точно е можеби се направени одредени пропусти во 2005 година, но затоа ги имаме измените, затоа имаме пракса која покажала дека е потребно да се направат измени, се наишло на тешкотии во имплементацијата.

Почитуван колега, точно она што го говоревте околу членот 7 затоа што во меѓувреме го сменивме Законот за градежното земјиште така што репликата на почитуваниот министер не беше во согласност со она што вие сакавте да го кажете, но ви реприцирам вам и се согласувам со вас дека граѓаните ќе бидат среќни во насока на тоа што имаме одлагање и тоа ЛДП го поздрави одлагањето за двете години, но верувам дека нема да бидат среќни кога ќе ги видат цените дотолку повеќе што сега имаме една специфична ситуација, токму поради тоа ние го поднесовме овој амандман. Се наоѓаме во светската економска криза, финансиска криза, конечно и Владата призна дека ќе ја допре таа криза и Македонија и Владата сакаше односно понуди некои мерки.

Ние од ЛДП во согласност со овој закон понудивме конкретна мерка која до некаде ќе им го олесни плаќањето на граѓаните и предложивме таа цена да биде за 50% од оваа што сега се плаќа, дотолку повеќе како што кажа и мојот колега, затоа што оној најсиромашен слој нема можност да ја плати на повеќе рати за разлика од побогатите што треба да платат над 3 илјади рати можат да плаќаат до 10 години.

Значи, вашите забелешки апсолутно се согласувам дека се издржани и дека во голема мера ќе придонесат за полесна имплементација, но за жал, еве немаме можност и да сака министерот сега не може да направи ништо затоа што законите се носат така како што ги носиме односно по скратена постапка се со единствена цел парламентарната опозиција да не може да го каже своето мислење и да придонесе барем до некаде да се подобрат решенијата. Тоа е добро решение. . .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор г-ѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост донесен е 2005 година и во изминатиот 4-годишен период на примената на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост на површина излегоа голем број на прашања и дилеми при неговото спроведување, па предлагачот Владата на Република Македонија преку Министерството за финансии и Управата за имотно-правни работи очигледно изготви добар Предлог на закон кој со неговото усвојување од страна на Собранието на Република Македонија ќе претставува добра основа за завршување на започнатиот процес на приватизација на градежното земјиште.

Значи, до сега постоечкиот закон се наметна потреба да се изврши односно да се направи либерализација и можност за приватизација на градежното земјиште на поранешни сопственици и други физички лица кога градежното земјиште не е дефинирано како градежна парцела со урбанистички план односно истата да се врши во рамките на катастарска парцела.

Исто така со овој Предлог на закон се предвидува решението за приватизација на градежното земјиште без надомест од сегашни корисници на градежно земјиште кои правото на користење го стекнале врз основа на стекнато право на сопственост на објект од поранешен сопственик.

Предлогот на законот се усогласува воедно и со Законот за градежно земјиште и со Законот за сопственост на други стварни права со цел да се даде можност за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, во сопственост на странски, физички и странски лица корисници на градежно земјиште во државна сопственост.

Следната позначајна измена исто така е тоа што се иззема од приватизација градежно земјиште на кое се изградени посебни делови на објекти како што се етажна сопственост кои се во сопственост на различни физички и правни лица.

Со измените се предлага решение за приватизација на градежно земјиште без обврска за плаќање надоместок на физички лица законски наследници на поранешен сопственик кој правото на користење на градежното земјиште го стекнале врз основа на договор за дар, договор за животна издршка и договор за располагање со имот за време на живот.

Би сакала да потенцирам дека до сега Одделението за катастар на недвижности во овој процес на приватизација ги спроведуваше правосилните решенија за приватизација на градежното земјиште со запишување на правото на носителот.

Приватизацијата врз основа на деталните урбанистички планови го усвојува процесот на приватизација од причини како услов за донесување на решение за приватизација каде е дефинирана градежна парцела со детален план. Поточно од анализите на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост каде како основа се предлага донесен урбанистички план со дефинирана градежна парцела е прифатлив од следните причини:

Овој закон ќе ги поттикне локалните самоуправи побрзо да ги донесуваат деталните урбанистички планови за да биде дефинирана градежната парцела ќе се овозможи подеднаква заштита на добрата од општ интерес. Сите останати решенија кои се предвидени во Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост се добри и во значителна мерка ќе го подобрат постоечкиот текст на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, па од тие причини сметам дека истиот закон треба да се поддржи и да биде донесен од Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика г-динот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам г-дине претседателе.

Токму на линија на ова што го зборува колешката Димеска дека еден од клучните фактори во овој ланец на одлуки што треба да се донесат се општините и забрзувањето на донесувањето на урбанистички планови.

Познато е дека општините со овој систем на финансирање сега се ставени комплетно на маргините, дека им е многу тешко да најдат средства за урбанистички планови и јас навистина не знам зошто Владата не ја искористи оваа можност приходите што ќе настанат по основ на приватизацијата ги трансферира сто постотно на општините.

На тој начин општините би добиле уште еден дополнителен извор од кој би можеле да ја финансираат изработката на урбанистичките планови.

Дури ние ако законодавци можеме сега во измените на законот да дефинираме строга наменска употреба на овие средства што ќе настанат со приватизацијата на градежното земји пледирам ште. Значи сите средства во 100%износ да одат на општините и да не можат да се употребуваат за друга намена освен за изгитвување на потребните урбанистички планови кои што не се донесени. Значи, на тоа овој закон да го направиме уште пофункционален , уште попримелив и мислам дека иако е разбирливо ова брзање на Владата за да го стигне рокот од

25-ти јануари, сепак има доволно време и јас би ја стимулирал Владата да во првата половина на јануари дојде и ги поправи овие неколку фалинки што постојат во законот, интервенира во Уредбата со снижување на цените и некаде пред 20 јануари да усвоиме еден целосен пакет што ќе значи пониски цени за граѓаните, повеќе пари за општините за да изготвуваат побрзо урабнистички планови и подобра примена на целиот Закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Димеска Катерина**: Јас сосема на кратко.

Почитуван претседателе, почитуван колега,

Уште еднаш стојам на моето мислење и на гледиште дека точно овој закон ќе ги поттикнува локалните самоуправи да пристапат кон побрзо донесување на деталните урбанистички планови. Впрочем во таа насока и сите ние се залагаме затоа што се стремиме да општините кои веќе се поминати во втората фаза, да си ги превземат работите во свои раце.

Исто така заборавив да потенцирам една многу битна работа. Овој закон исто така оди во прилог на оние граѓани кои живеат во колективни објекти на живеење како што се на пример објекти кои имаат повеќе станари, 24 станари итн.. Значи, овој закон оди во прилог и на оваа категорија на граѓани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари**: Ви благодарам господине претседател.

Почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Се чини дека за овој предлог ставот на сите парламентарни групи и од овој аспект на сите пратеници е позитивен став. Ова остава впечаток дека сепак се работи за закон што е добро изготвен од страна на предлагачот и над се ценам дека има одредби што се во прилог на граѓаните на Република Македонија.

Ова го истакнувам од две причини, според мое мислење. Прво, ценам дека покрај тоа што се настојува, како што се кажа претходно од страна на претходните говорници, се настијува да се усогласат одредбите на овој предлог со неколку други закони што ги уредуваат, отприлика истите односи како што е Законот за имотно правни односи и правото на реалните односи, се овозможува можност за создавање, или пак стекнување на право на сопственост над недвижности или пак недвижни ствари и преку овој Предлог се создава простор на странските физички или правни лица, или пак доколку ги сметаме како инвеститори на странски капитал или пак странски инвеститори, да можат да стекнат сопственост над градежното земјиште во случаите кога тие имаат инвестирано свој сопствен капитал, посебно во форма на тоа шти ние го нарекуваме како грин филд инвестиција.

Од овој аспект ценам дека ова дејство или оваа постапка на Владата и на предлагачот ќе влијае и ценам дека ќе ги зголеми или пак ќе ги стимулира уште повеќе странските инвеститори, затоа што сега покрај многуте олеснителни околности, било да се тие од оваа област, или пак други даночни или царински области, создаваме простор странските инвестори да можат да бидат и спостевници на градежно земјиште што е во државна сопственост.

И како второ, исто така ценам дека преку овој предлог се зголемува бројот на лица или пак на субјекти кои што во текот на приватизацијата на земјоделското земјиште ќе имаат простор ова градежно земјиште да го приватизираат без определен надоместок, затоа што така, како што е наведено во актуелниот Закон, во една одредба, нумерички или таксативно се набројува кои лица можат да приватизираат земјоделско земјиште или пак градежно земјиште без определен надоместок.

Сега се создава простор и определените лица кои стекнале право за искористување на земјоделско земјиште врз основа на тоа што ние го нарекуваме како стекнато право на сопственост, да можат да станат сопственици на градежното земјиште без определен надоместок, нешто за што исто така ценам дека е значајно или пак е во интерес на нашите граѓани.

Претходно од неколку колеги беше кажано за еден исклучок кој што се предлага од страна на предлагачот на овој Предлог закон и кој што е во однос на таканаречените објекти кои што се изградени врз градежни земјишта и во кои што постои таканаречено етажна спостевност. Вистината е дека ова градежно земјиште според тоа што е претставено во овој Предлог закон нема да биде објект на приватизација. Сепак јас ценам и длабоко сум убеден дека и ова прашање во иднина сигурно ќе биде објект на приватизација, затоа што сепак компаративното право покажува дека, посебно тука ги истакнувам законите од сувереното право, дека и ова градежно земјиште над кое се изградени определени објекти кои што се во соспостевност на неколку лица или кои ги нарекуваме поинаку етажна сопственост, ќе треба да се приватизираат.

Значи, доколку се прочита внимателно понудениот предлог во образложението на Предлогот се гледа настојувањето на предлагачот дека во иднина и ова градежно земјиште и сигурно, нормално во иднина ќе биде дел на приватизација.

Поради ова што јас го кажав претходно посебно поради тие две причини ценам дека сите пратеници треба да гласаат за овој предлог, ценам дека ќе добијат пред се граѓаните на

Република Македонија, било да се тие наши државјани или странски државјани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не се поднесени амандмани до седницата на Собранието, поминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

(Дофрлање од место.)

Не се гласа кога се гласа закон, без оглед што е во фаза на дополнет Предлог.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Мислам дека има доволно пратеници.

Предлогот на Законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа сите 64 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констарирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и Законот за градежно земјиште во државна сопственост.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 41-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во 17,57 часот.)